**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Лилјана Поповска, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Абдулади Вејсели, Љубисав Иванов Ѕинго, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски и Орданчо Тасев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за преземање на лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието да го усвои заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Колку што имам информации 58 пратеници се потпишани.

Би ги замолил координаторите малку да поработат со пратениците затоа што ние почнавме да работиме од 10,00 часот, летна шема. Врз основа на барањето на координаторите, почнуваме од 11,00 часот. Се повторува истата работа, дали од 10,00 од 11,00, од 12,00 или од 14,00 часот попладне, на нас ни треба време да дојдеме. Ако вака се однесуваме ќе почнеме повторно од 10,00 часот, па пола час ќе дадам пауза да се соберат пратениците.

(Некои од пратениците бараат од претседателот да даде пауза)

Не давам пауза. Еве полека доаѓаат пратениците.

Ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, мислам дека имаме кворум.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за преземање на лица.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Како што реков во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за преземање на лица.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност, со Предлог на закон.**

Претставници се Министерството за надворешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање. Тука се и двајцата.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

**Минуваме на точка 24 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.**

Предлагач е Владата, претставник Министерството за финансии.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 2 по членот 1 и за пренумерација за членовите 2 и 3, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продоллжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 53 за, 3 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на закон за заштита на сведоци.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 20 алинеја 1 и на член 30 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на тексот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на Глава ВИИ и на член 39.

Пратениците Ефтим Манев и Силвана Бонева поднесоа амандмани на члне 15 став 3 и на член 19 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Недим Рамизи и Аднан Јашари поднесоа амандман на член 12 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити и Недим Рамизи поднесоа амандман на член 6 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 40 став 2 и на член 41 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Рафис Алити и Недим Рамизи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Алити, имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе.

Јас жалам што госпоѓата министер за правда не го прифати и нашиот амандман.

Амандманот го имаме поднесено и предложено, согледувајќи ја реалноста која се случува во органите на државата, било централна или локална власт, каде не се почитува Уставот и Охридскиот договор за правично и соодветно застапување на етничките заедници. Овој амандман е во согласност со Уставот на Република Македонија, со амандманот ВИ во кој се бара правично и соодветно застапување на етничките заедници во органите на државната власт.

Уште еднаш ќе нагласам дека овој амандман го предлагаме за да се прифати од страна на парламентарното мнозинство овде затоа што наша проценка е дека ова се нови органи кои се основаат и во овие нови органи на државата треба и со закон да се гарантира правичната и соодветна застапеност на етничките заедници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Алити.

Повелете господине Адеми, имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседател.

Иако не сум потписник на овој амандман, но во знак на поддршка на овој амандман би сакал да кажам и јас нешто.

Верувам дека на сите ни е јасно дека основата на овој амандман е во Уставот на Република Македонија во амандманот 6 од овој Устав каде се говори за правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници. Основата на овој амандман е и во Охридскиот договор. Сега се поставува прашањето зошто токму оваа одредба е ставена во Охридскиот договор и зошто тогаш е прифатено оваа одредба да се утврди и во Охридскиот рамковен договор. Една од многуте причини беше дека довербата на граѓаните, посебно на тие етнички заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија во однос на разните државни институции од сите нивоа е многу мала.

Значи, таа доверба од страна на граѓаните со оваа одредба се настојува правичната и соодветната застапеност на сите етнички заедници во разни државни институции да се измени и довербата во однос на истите институции да се поврати.

Затоа и ние настојуваме преку овој амандман да се интервенира во Законот за заштита на сведоци каде на концептуален начин ништо не се менува, бидејќи Законот ќе остане ист, само составот на некои совети ќе треба да се утврди и застапеноста да биде на пропорционален начин изразена.

Друга причина зошто инсистираме да се утврди во овој закон иако е гарантирано со Уставот, затоа што има разни случаеви каде оваа уставна одредба не се почитува од страна на разни државни органи. Ќе го спомнам вчерашниот случај кога ние вчера како пратеници интервениравме во листата на поротниците од Струга каде покрај случаите дека има и починати лица, рековме дека оваа листа не ја искажува пропорционалноста на заедниците кои живеат во Струга и претставникот на Судот во Струга се принуди таа листа да ја повлече.

Затоа мислам дека со прифаќањето на овој амандман ние ништо нема да измениме во овој закон само ќе го подобриме текстот на овој закон, ќе го усогласиме со Уставот и со Рамковниот договор во однос на кој сите имаме обврска да го имплементираме до крај.

Уште еднаш ќе апелирам до другите мои колеги да го прифатат овој амандман и да гласаат за истиот и да го усогласиме Законот со Уставот. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам.

Господине Витановски, барате збор?

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека истата дискусија ја имавме и на Комисијата за политички систем и таму се разбравме дека нема потреба од обременување на членот 6. Тука имавме доста дискусија и јас повторно ќе го искажам моето мислење, а мислам дека е исправно и дека е во ред. Имајќи во предвид дека со Уставот и Рамковниот договор е кажано во членот 8 алинеја 3 дека рамноправната застапеност на лицата кои припаѓаат на сите заедници во јавните органи на сите нивоа и во други области од јавниот живот. Тоа ние го правиме.

Сега колегата Рафис на Комисијата, а еве и сега има поднесено амандман на членот 6. Јас ќе го прочитам членот 6 и ќе кажам уште еднаш дека овој амандман не треба да се поддржи од оваа причина. Бидејќи во членот 6 се работи за составот на Советот и вели дека членовите на Советот се претставник на Врховниот суд на Република Македонија од делот на судиите. Претставник од Јавното обвинителство на Република Македонија од редот на нивните јавни обвнители. Директорот на Управата за извршување на санкциите во Министерството за правда и претставник од Министерството за внатрешни работи и раководителот на Одделението на Министерството за внатрешни работи. Овде се кажани кои ќе бидат тие членови на овој совет. Овде никаде не вели дали ќе бидат македонци, албанци, срби, власи или било кои. Затоа сметам, имајќи го во предвид Охридскиот договор дека ние во поодделните закони нема потреба да внесуваме такви одредби каде имаме работни тела, совети или било што. Мислам дека тоа до сега го спроведувавме и ние како коалициони партнери го спроведуваме Охридскиот договор. Не се согласувам со

колегата Рафис Алити кога вели дека не го спроведуваме, барем до сега на сите нивоа во јавните институции го спроведуваме тоа.

Доколку се прифати овој амандман тоа ќе значи дека во сите работни тела по сите закони треба да ставаме одредба како што вели за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Мислам дека нема потреба, бидејќи тоа е во Уставот и во Рамковниот договор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Повелете господине Адеми, а потоа господинот Алити.

**Абдилаќим Адеми:** Јас сум за дискусија, не за реплика.

**Љупчо Јордановски:** Водете дискусија, но можете и да реплицирате.

**Абдилаќим Адеми:** Не. Ви благодарам. Се јавив уште еднаш за дискусија, ме инспирираше претходниот говорник од неколку причини каде вели дека нема потреба во секој закон да се става оваа одредба. Мислам дека токму оваа одредба треба да се стави во секој закон, има случај кога ова сме го направиле. Ќе спомнам само неколку закони каде или со предлози на Владата ова сме го направиле или со амандмани е интервенирано овде во Парламентот. Тоа се Законот за јавни претпријатија, Законот за државни службеници, Законот за царинска управа каде јас и господинот Талат Џафери или Парламентарната група на Демократската Унија за интеграција сме предложиле амандман и министерот за финансии во тоа време кога се донесе законот го прифати тој амандман, што значи исто и Законот за кризи, но да не ги спомнувам сите по ред, што значи дека имало практика и има закони каде се интервенира на овој начин со амандмани кога од страна на Владата се предлагаат вакви работи и каде има одредба за правична и соодветна застапеност. Ништо не се расипува.

Уште еднаш ќе повторам доколку се прифати овој амандман ништо нема да се наруши во концептот на законот само што ќе го усогласиме со Уставот и со Охридскиот договор кој го имаме како обврска.

Ние како законодавен орган имаме обврска и да го спроведеме. Можеби таму каде се греши да ја исправиме грешката, како што е сега случајот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Колегата во текот на елаборацијата се повика дека сме имале договор на Комисијата за политички систем што не е вистина, бидејќи и таму имавме различни мислења. Велам имавме различни мислења со колегата Витановски, бидејќи тој ја бранеше оваа теза во која вели дека се гарантира правичната и соодветна застапеност со Устав и Рамковен договор, нешто што на сите пратеници и на јавноста им е јасно, но реалноста е нешто сосема друго господине Витановски. Јас можам да ви набројам десетици институции или органи кои се оформени и тоа нови органи каде немаме правична и соодветна застапеност.

Токму поради ова на Комисијата за политички систем инсистирав со закон да се обезбеди правична и соодветна застапеност, бидејќи во текот на формирање на овие органи подоцна овие барања или оваа расправа која ја имаме денес кај тие што се предлага формирање на овие органи имаме глуви уши и воопшто не го почитуваат Рамковниот договор за да водат сметка за правичната застапеност на сите етнички заедници, а во овој случај и за албанската заедница.

Со ништо не се товари овој закон, напротив, мислам дека законот ќе се комплетира доколку се додаде уште еден член со кој ќе се гарантира и со закон правичната и соодветна застапеност на заедниците. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника од кои 15 за амандманот, 5 воздржани, 38 против, а 62 пратеника се присутни во Собранието, односно во оваа сала.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Рафис Алити, Недим Рамизи и Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Рамизи, а потоа пратеникот Алити.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе, исто и тука се работи за додавање на став 4 во делот за имплементирање на амандманот 6 од Уставот на Република Македонија значи во делот на составот на Одделението за заштита на сведоци.

Тука инсистираме да се вметне амандманот 6 при формирање на составот да се има во предвид соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Од тие причини го поднесуваме амандманот и се надеваме дека ќе имаме поддршка. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател. И овој амандман е во однос на основањето на Одделението за заштита на

сведоци така што се гледа јасно од страна на Министерството и на госпоѓата министер, но и на колегите пратеници нема подготвеност за прифаќање на овие амандмани и јас го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 3, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. (Реакција од страна на пратеникот Силвана Бонева)

Го заклучив претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Госпоѓата министер кажа дека не се прифаќа и јас реков амандманот не се прифаќа, тоа се 5 секунди, 5 секунди чекав не се пријавувате, ве молам слушајте и следете ја седницата.

Гласале 30 пратеника, 5 гласале за, 1 воздржан, 24 против.

Ги молам службите да го констатираат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава ВИИ и на член 39, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Уште не сум завршил, а двајца се пријавиле.

Повелете господине Манев, имате збор, а потоа госпоѓа Бонева.

(Господинот Манев од место кажа дека не е потпишан на тој амандман).

Тогаш повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, најпрвин да го искажеме нашиот протест за деловите од секундите кои вие кажувате дека се десет секунди, дека никој не се пријавил.

Пред малку сведок е и секретарот што е присутен до вас и таа реагираше, бидејќи господинот Манев беше пријавен, немаше ни една секунда после вашето кажување се притисна копчето, вие продолжувате да читата и откако ќе дочитате велите, бидејќи никој не е пријавен, а не гледате кој е пријавен.

Ве молам во друг случај, бидејќи од суштествено значење е објаснувањето по амандманите да им давате збор на пратениците и да гледате.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева како сега бевте пријавена?

**Силвана Бонева:** Уште додека зборувавте притиснав, а не откако кажавте. За да не бидеме доведени во состојба...

**Љупчо Јордановски:** Како сега бевте пријавени, јас ќе ви кажам, секретарот до мене нема право да реагира, а тоа подоцна ќе го расправиме. Само сакам да кажам дека госпоѓата министер рече не се прифаќа, јас реков не се прифаќа, прашав кој бара збор, вие изреагиравте.

**Силвана Бонева:** Вие си продолжувате без да видите кој бара збор.

**Љупчо Јордановски:** Јас гледам овде никој не бара збор. Повелете.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе за да не се расправаме постојано, ќе ве молам од името на нашата пратеничка група сите ние да гледаме на екранот дали вистина некој има пријавено или не и кога се пријавува. Да не остане на ваша субјективна оценка кога на некој ќе му дадете збор, кога не.

Во однос на членот 40 кој се однесува на меѓународната соработка, во меѓународната соработка во областа на заштитата на сведоци, на соработниците на правдата, на жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци и нивните блиски се остварува врз основа на меѓународни договори, а за тоа дека во ставот 2 е надлежно

Одделението кое поднесува замолница до друга држава за прифаќање на заштитеното лице и постапува по замолници на други држави.

Сметам дека амандманот кој го доставувам е од суштествено значење, бидејќи наместо Одделенито предлагам тоа да биде Советот како повисоко тело кое ќе комуницира, кое ќе ја води меѓународната соработка, бидејќи тој е тој што донесува одлука за вклучување на сведоците по програмата. Ако Советот донесува одлука за вклучување на лицата во програмата, ако донесува одлука за престанок на програмата и за примена на мерките заштита за промена на идентитетот, јас незнам како може Одделение при Министерството за внатрешни работи да води меѓународна соработка, а Советот да биде како повисоко тело исклучено од тоа.

Токму заради ова сметам дека, бидејќи тоа е решение во многу земји од Европската Унија, сметам дека амандманот треба да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој).

Мислам дека имаше доволно време да се пријави.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 11 гласале за, 2 воздржани, 39 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Членот 41 зборува за потребата од финансиски средства за спроведување на овој закон кои што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а дека Министерството за внатрешни работи со подзаконски акт ќе го уреди начинот на користење на финансиските средства.

Сметам дека Министерството за внатрешни работи може да го уреди начинот на користење на финансиските средства само за одделението кое што се формира при Министерството за внатрешни работи, меѓутоа никаде не е предвидено дека членовите на Советот и нивните заменици за нивната работа во Советот им припаѓа посебна надокнада која што се утврдува со уредбата на Владата.

Тоа е предлогот на амандманот, да се додаде став 3. Значи овој амандман се поднесува заради попрецизно уредување на финансирањето на членовите на Советот и нивните заменици заради тоа што Советот е највисоко тело во механизмот за заштита на сведоците, утврдено со овој закон и со соодветната финансиска поткрепа би се овозможило отстранување на можноста за негово подпаѓање под влијание.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласамее.

Гласале вкупно 52 пратеника, од кои 10 за, еден воздржан и 41 против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска, а потоа нека се подготви пратеникот Мавровски.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за правда, дами и господа пратеници,

Нема да должам многу, само ќе ги искажам забелешките кои ги имам на овој Предлог на закон за заштита на сведоци.

Со оглед на фактот дека за овој закон дискутирав и во првата фаза има одредени забелешки кои Министерството за правда ги има прифатено и ги има компонирано во Предлогот на законот за заштита на сведоци, меѓутоа за некои работи сметам дека Министерството за правда сепак не успеало да најде начин или модус да ги искомпонира во овој Предлог, а на кои беше укажано во првата фаза на овој закон.

Јас повторно сметам дека во составот и назначување членови на Советот, заменици апсолутно не се потребни. Ова ќе го образложам од следниве причини.

Се работи за заштита на сведок. Значи, една суптилна материја, сензитивна материја од која, всушност од самата заштита на сведокот зависи и неговата иднина и неговиот живот и животот на неговите најблиски. Значи, колку помалку луѓе знаат за вистинскиот идентитет на заштитеното лице толку подобро ќе биде и во самата постапка. На крајот на краиштата ако Советот е толку сензитивно тело кое треба да одлучува по заштитата на сведоците и е сериозно, на крајот на краиштата неговата функција е доста сериозна и мислам дека несериозно би било од страна на членовите на Советот, а се работи за претставник од Врховен суд, претставник од Министерството за внатрешни работи, претставник од

Министерството за правда, директорот на Управата за извршување на санкциите итн. да не бидат во можност тие како членови да присуствуваат на седниците на самиот Совет.

Имав забелешки во однос на престанување на членството на Советот затоа што самата формулација "престанок на членство во Советот" и алинеите 3 и 4 во кои се вели дека поради повреда на закон и деловник за работа на Советот и 4-та алинеја поради давање класифицирани информации поврзани со работата на Советот, а знаеме кои се членовите на Советот, кои учествуваат во работата, членството во Советот некако..; не е ова Совет за безбедност па да му престане членството, на крајот на краиштата тие се вработени во некој државен орган (Врховен суд, МВР или Министерство за правда) ако веќе им престане членството во Советот поради алинеите 3 и 4 тогаш логично е дека тие го немаат кредибилитетот и понатаму да ја извршуваат функцијата во органот од кој се всушност делегирани во овој Совет. Можеби Министерството за правда требало да размисли дали на лицата кои се членови на Советот треба да им престане и функцијата во органот од каде што се делигирани.

Една од новините во самиот предлог, покрај другите е и во членот 24-по донесување на одлуката за примена на итните мерки и определување на видот на мерките, раководителот на одделението ќе побара лицето за кое ќе се применуваат итните мерки да му биде извршен лекарски преглед. Разбирам дека треба на тоа лице да му биде извршен лекарски преглед и да потполни прашалник за личните податоци, имотната состојба, обврските што ги има кон трети лица и други податоци.

Јас уште еднаш ќе потенцирам, за исполнување на обврските кон трети лица кога определено лице треба да биде заштитен сведок, зборував и во првата фаза и се противев на таквата одредба, меѓутоа истата одредба постои и во овој Предлог на закон, па сега ќе ви образложам од кои прич!ини сметам дека исполнувањето, а поточно да ви го цитирам членот 32 став 2 во кој се вели: "доколку лицето кое се предлага да биде вклучено во програмата за заштита, мерката за заштита, промена на идентитет нема да се применува се додека доспеаните обврски спрема трети лица не бидат исполнети".

Крајниот ефект кој треба да произлезе од овој закон, тоа е сериозна борба против корупцијата и организираниот криминал секако дека ваквата одлука ја успорува таа борба, па дури сметам дека може и да наштети. Ако сакаме да ја откриеме и осудиме организираната група со помош на заштитениот сведок а притоа го изложуваме сведокот на едни вакви бирократски методи, да си ги плати сите обврски што ги има претходно (струка, вода, долгува спрема трети лица итн) дури потоа ќе може да биде ставено како заштитен сведок.

Во овој случај државата сака и сведокот да му сведочи и да успее со неговото сведоштво да го осуди учеството во организираниот криминал и на сведокот да не му ги обезбеди условите кои сметам дека треба да му бидат обезбедени, но најмалку со ваквата одредба каква што е дадена во Предлогот на законот.

Другата забелешка на овој текст се однесува на престанок на програмата за заштита на сведоци став 1 точка 4. Значи програмата за заштита на сведокот престанува, како што се вели во точка 4 "заради престанок на причините поради кои заштитеното лице е вклучено во програмата".

Почитуван министер, јас незнам што значи тоа, во кој дел оди дефиницијата на престанок на причините поради кои заштитеното лице е вклучено во програмата. Дали се мисли на тоа дали сторителот е осуден и пошол на издржување на казна затвор за тоа кривично дело, а клучниот сведок бил дел од програмата за заштита на сведоци.

Ако се мисли на тоа тогаш мора да се изврши и реална проценка од можната опасност од освета на лицата блиски до обвинетиот и осудениот, во овој случај осуден треба да биде за соодветното кривично дело, или негови роднини кои сигурно дека МВР како еден од директните учесници не преставува ништо ново со оглед на искуството кое го имаат досега. Значи дали престанокот на причините поради кои заштитеното лице е вклучено во програмата нема да претставува реална опасност од можна освета или на блиските соработници, или на блиските роднини на лицето кое е осудено за кривично дело организиран криминал а клучен сведок е во заштита на програмата за заштита. Значи, според мене треба сериозно да се процени ситуацијата и да се види дали по афтоматизам, со самиот престанок всушност ќе престане врз тој заштитен сведок да се применува програмата за заштита на сведок.

Она што според мене е најсимптоматично или најпроблематично во овој закон, како што беше и во првата фаза е последната одредба, членот 46 од Законот во кој се вели дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник", а ќе се применува од 1.01.2006 година, што значи после 7-8 месеци.

Според мене ова е една од најспорните одредби на овој закон. Ако се земат во предвид сите сугестии кои доаѓаат од претставниците на власта, од претседателот на РСС, од Врховниот суд, од невладините организации кои укажуваат, потенцираат и бараат овој закон што поскоро да се донесе и да профункционира во пракса, со овој член од Предлогот на Владата, законот да стапи на сила дури после 7 месеци сметам дека ова не претставува сериозна намера за борба против организираниот криминал.

Ако ова т.н. битка против организираниот криминал е само продолжение на еден претходно виден филм, хајка против октоподот на пример, некој од постарите колеги добро се сеќаваат на

ова, тогаш и нема потреба да ја гледаме, затоа што многу, многу добро знаеме како таа хајка против октоподот или организираниот криминал, како што беше персофиницирамн во октопод заврши. Во споредба со оваа битка и како "силно и многу одлучно се водешње" филмот "Војна на ѕвездидте" искрено да ви кажам може вода да и носи. Значи поучени сите ние овде и сите надвор од исходот на таа т.н. тешка борба против организираниот криминал навистина не сакам да гледам реприза и во овој закон. Мое е да укажам на Владата е да го направи како што мисли, а во крајна линија секој од нас ќе си одговара за она што требал, можел, знаел, а не успеал да го направи.

На крајот останува да видиме како ќе се одвива борбата против организираниот криминал кога и по донесувањето, или кога веќе го донесовме Законот за следење на комуникациите, еве и законот за заштита на сведоци ќе го донесеме и ако после ова нивно донесување не се појави ниедна пресуда во која лицето со иницијали НН е обвинето и осудено за кривично дело организиран криминал или останатите кривични дела кои спаѓаат под организиран криминал, тогаш ќе сметам дека ние не треба и воопшто да си водиме борба против организираниот криминал затоа што таа борба не се води со уста, не се води само декларативно, со декларативни заложби кога фактички ништо нема да профункционира, или нема да имаме никакви резултати.

Уште еднаш апелирам до Владата и до Министерството за правда со сите ингеренции кои ги има конечно да интервенира во спроведувањето на овој закон и на останатите закони кои се во врска или во функција на борба против организираниот криминал за да на крајот на краиштата видиме некој ефект од борбата против организираниот криминал. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете господине Мавровски, а потоа е пратеникот Роза Топузова-Каревска.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги,

И минатиот пат кога говоревме во првата фаза кажавме доста забелешки.Некои од нив можеби се поправени, но читањето на законот ми дава за право да видам во повеќе членови дека останале некои забелеши, воопшто не се поправени, а мислам дека понатаму ќе се реперкуираат врз реализацијата на ова што значи закон,еден од клучните закони во борбата против организираниот криминал.

Организираниот криминал на ова подрачје мислам дека во моментот претставува проблем за вкупната европска јавност, не само за нас, за нас како држава, затоа што сведоци сме не само на октоподот кој што од оваа говорница некој го искажа дека ќе реализираме нешто во однос на расчистување на организираниот криминал, тоа за жал на сите нас не се случи. Сведоци сме на убиство на премиер на држава и нивната акција "Сабја" која што заврши така како што заврши, борба против организираниот криминал, но еве, пригушување на сите тие активности.

Целта на моето укажување е да не се донесува закон доколку Владата и вие како министер не сме подготвени ова да го реализираме. Мислам дека постојат и други предуслови бидејќи ова е многу сензитивен, многу осетлив закон кој што понатаму ќе има многу реперкусии врз вкупното живеење во Република Македонија затоа што борбата мораме да ја почнеме на некој начин, но треба да осмислиме како луѓето кои што ќе се вклучат во таа борба и кои што ќе бидат на страната на Владата понатаму ќе можат да допринесат за да се помогне.

Пред се, јас би почнал од крајот, за спроведување на оваа програма, за спроведување на овој закон потребни се поголеми финансиски средства, тоа дефинитивно е така затоа што ќе се работи за сведоци кои што ќе учествуваат и претпоставувам дека ќе бидат дел од организираниот криминал, кои што се влезени во ситуации каде што има доста долгови, во ситуации каде што треба да се заштитат нивните семејства, а сето тоа предизвикува финансиски средства кои што државата од својот буџет треба да ги обезбеди. Тоа е прво.

Второ, пред да почнеме со било каква ситуација за да го реализираме овој закон во неколку од тие членови кои што понатаму ќе ги набројам се кажува дека дел од сведоците ќе може да бидат пренесени во определени држави со кои што ние имаме склучен или ќе склучиме договор за соработка, и со тоа размена на сведоците. Јас мислам дека во Република Македонија тешко е да најдеме сведок од било која држава во Европа да дојде и да биде заштите во Република Македонија, затоа што сведоци сме на работењето на МВР, проблемите што се јавуваат во нивното работење, значи проблемите се во самата Влада, затоа што многу од тие акции на МВР пропаднале заради издавање на некоја тајња што требала да биде завршена вака или така.

Понатаму, тоа се покажува многу кобно и за оние што ги имаме како сведоци. Имаме проблем и вие го имате истиот проблем, можеби повеќе од нас, човек да избега од затворот и тука апсолутно никој да не интервенира, а ние, од друга страна ќе треба да заштитуваме луѓе кои ќе бидат не знам каде, ќе треба да ги чуваме по домови, скриени. Македонија е мала држава, така што таква ситуација да некого штитите, ајде да кажеме од Гостивар во Битола или од Битола во Струмица, мислам дека таа ситуација е премногу, Македонија, во однос на останатите држави претставува само еден поголем град. Можеби ни толку.

Тука треба да се размисли многу добро за сето ова што го предлагате како закон, како тоа ќе функционира.

Моите конкретни забелешки, бидејќи разговараме за текстот на Предлогот на законот, би почнал со членот 11. таму се кажува, а тоа беше забелешка и минатиот пат дека "Советот може да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку 4 члена или нивни заменици". Потполно се согласувам со мојата колешка Којзеклиска во однос на замениците на членовите на Советот, бидејќи тоа тело претпоставувам, дека тие 5 луѓе треба да функционираат и воопшто да не бидат познати во македонската јавност кои се луѓето. Затоа што, со самото презентирање на тие луѓе веќе ги носиме во опасност и нивните семејства. Доколку вклучиме уште нивни заменици, тоа веќе станува тело од 10 луѓе и прогресивно се зголемува, така што имаме проблем.

Понатаму, во истиот член, во истиот став 3 кажувате "Потребна е согласност од најмалку 4 члена на Советот во однос на промената на идентитетот", а во однос на останатите одлуки се донесуваат со "мнозинство гласови од присутните на Советот". Сега, ако имаме четворица членови присутни, ако е два со два изборот, не знам како ќе функционира Советот. Мислам дека тие пет луѓе треба да се присутни и секогаш да има мнозинство на гласови во однос на сите овие одлуки. Тоа го кажавме. Мислам дека мора така да функционира. Нема друг начин.

Во членот 13, членот 13, каде што се говори за Одделението, Одделението може да го прикрие идентитетот на своите вработени, што е и нормално, како и да ја прикрие сопственоста над недвижностите и подвижните предмети што ги користат вработените заради спроведување на определени мерки, согласно овој закон. Тука мора да се постави некој заштитен систем, механизам, што ќе има контрола врз сите овие средства. Бидејќи, во повеќето случаеви ќе се работи за финансиски средства. Која ќе биде таа контрола? Дали тоа ќе се реши со подзаконски акти или треба директно законот, мислам дека вие како министер и предлагач на овој закон треба да одлучи.

Во однос на членот 18, имаме многу субјективен став. "Услови за вклучување во програмата", тоа е членот 18 став 3. "Сериозноста на заплашувањето" и апсолутно тука немаме предмет како тоа некој ќе го заклучи дали е тоа сериозно, не е сериозно, треба да се очекува интервенции од некого. Но, во секој случај, сериозноста на заплашувањето е многу субјективно, така што во повеќе ставови ќе се носат одлуки врз основа на оној кој треба да ја донесе, а неговото мислење треба да биде закон. Субјективноста, дали ќе биде сериозна или несериозна, мислам дека не држи место на таков начин.

Во членот 24, прашањето е зошто медицински преглед, извршен лекарски преглед? Не гледам причина зошто да биде извршен лекарски преглед. Тоа, ако се прави на сите затвореници и осудени, тоа е во ред. Ако е така, тогаш е во ред.

Членот 25, минатиот пат имавме една забелешка каде што стои дека "економски и социјално ќе му се помага на лицето се до неговото осамостојување. Оваа поддршка не смее да биде поголема од износот што е доволен за покривање на животните трошоци за интегрирање на заштитеното лице во новата средина на живеење, односно престојување". И тука имаше, мислам, минатиот пат објаснување дека тоа ќе бидат средства што во одреден европски држави се доволни за живеење, или во Република Македонија просечен личен доход претпоставувам, врз основа со некој коефициент по кој што ќе треба да живеат тие луѓе.

Но, и минатиот пат прашањето беше што понатаму во текстот и тука, ако се исклучува дека е исклучено тоа дека имаме во странски држави, но понатаму стои дека ние ќе разменуваме сведоци и ќе ги испраќаме во заштита на некои од тие странски држави. Мислам дека тука, со подзаконски акт повторно треба да се регулира сето тоа, да се знаат средствата колку средства би биле одвоени, како понатаму ќе функционира таа заштита.

Понатаму, членот 30, "Промена на местото". Тука веќе кажувате "Мерката за заштита од ставот 1 на овој член може да биде применета на територијата на Република Македонија или надвор од нејзината територија, во согласност со ратификуваните меѓународни договори". Сега би прашал колку такви договори се направени? Со кои држави се направени? Дали тоа функционира? Дали некој побарал од нас, побарал од вас како министер некого да заштитиме во Република Македонија, да чувствува тука некоја безбедност што ние ќе му ја пружиме?

Членот 32, многу симптоматично веќе се се сведува на финансиска структура на оној кој сака да биде сведок. Во ставот 2 "Доколку лицето кое се предлага да биде вклучено во програмата не ги исполни обврските од ставот 1 на овој член, мерката за заштита - промена на идентитетот, нема да се применува се додека доспеаните обврски спрема трети лица не бидат исполнети". Значи, она што го говоревме во почетокот, обично овие луѓе се или осудени или се дел од организираниот криминал, барем во 80 - 90% случаеви, според она што го гледаме како функционира ЕУ и Америка. Но, во секој случај нивните трошоци, нивниот начин на живеење се многу поголеми од она што тој може да го исполни и да го реализира. И, во многу ситуации, можеби токму тој финансиски аспект е причината да се вклучи во целата таа акција и да биде заштитен сведок. На овој начин ние го донесуваме во ситуација ако тоа не го исполни, а веќе го бараме за заштитен сведок доаѓаме во ситуација, поради финансиската страна да не можеме да завршиме некоја работа, ако ни е задача и основна цел на овој закон токму борбата против организираниот криминал, па тука апсолутно мислам зависи само

од неговите финансиски средства, дали тој ќе може сето тоа да го направи.

Понатаму, во истиот член, доколку лицето не може или не сака да ја исполни оваа обврска, што ако фактички и реално не може да го направи тоа? Значи, ние не ќе можеме да го користиме да биде заштитен сведок. Во таа ситуација што е поважното, дали за одредена група од тој организиран криминал, каде што можеби се работи за милионски износи, дали е тоа дрога, оружје, трговија со луѓе каде што навистина се вложуваат многу високи средства во сето тоа, ние не ќе можеме тоа да го направиме, затоа што сведокот кого сакаме да го земеме да ни сведочи, едноставно нема средства и не може да ги плати тие работи.

Во членот 34, "Доколу заштитеното лице стори кривично дело по склучување на спогодбата, Одделениет ќе го извести Советот, што може да донесе одлука за престанок на програмата". Мислам дека вака е многу широк поим "изврши кривично дело". Тука, со подзаконски акт овој член морате да го дополните со тоа кои се тие кривични дела за кои што понатаму сведокот не ќе може да биде ставен во програмата или ќе биде исклучен од програмата за заштита. Затоа што кривично дело се подразбира, барем за мене како лаик, тоа е могу широк поим, така што може да биде и злоупотребено. Ако тоа го дефинираме со некој подзаконски акт, вие го дефинирате, тогаш ќе имаме чиста ситуација и ќе знаеме за што всушност се работи. Ако ги стори тие кривични дела, тогаш ќе биде одземена и нема да функционира понатаму.

И, последно, она што ве прашав предмалку, членот 40 "Меѓународна соработка", каде што со кои држави ние во основа имаме, велиме тука дека ќе треба да поднесеме замолница до друга држава за прифаќање на заштитеното лице и спроведување на мерките за заштита предвидени со овој закон и постапуваме по замолниците на други држави за прифаќање на заштитени лица и примена на мерките за заштита во Република Македонија. Ова ќе биде голем проблем, дефинитивно и тука мислам дека морате да ја барате разрешницата, затоа што кој ќе прифати размена на такви сведоци ние да заштитиме некого и тие да заштитат наш заштитен сведок, мислам дека многу тешко ќе биде.

Ова што го кажувате на крајот, финансиски средства за спроведување на законот. Се содржани во финансиски импликации подготвени од МВР, во чии рамки ќе функционира одделението за заштита на сведоци. Мислам дека можеби токму поради тоа го правите законот да биде во функција од 1.01.2006 година. Се надевам дека во буџетот за 2006 година ќе имате одделено средства. Колку ќе бидат тие средства, дефинитивно, според ова што го говоревме и досега мислам дека ќе изискува поголеми финансиски средства, затоа што се работи не само за оној сведок што ќе го заштитите, се работи за семејството и сите кои ќе бидат во кругот на сведокот ќе бидат во опасност. А кај нас, знаејќи ги семејствата, знаејќи ги луѓето кои ќе се вклучуваат и кои се вклучени во организираниот криминал, ако едно семејство има 10 или 15 луѓе, можеме да претпоставиме што ќе се случи со нив, за тоа што се од прво колено, а да не кажувам за нивните понатаму деца и останати роднини што треба Министерството да ги заштити.

Затоа, мислам дека треба малку потрезвено, закон како закон е добар само во оној момент кога ќе биде применлив, кога нема да имаме ситуации кога секој може да го толкува како сака и врз основа на тој закон да добиеме наместо подобро нешто, да добиеме нешто што понатаму ќе направи организираниот криминал да царува во државата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете госпоѓа Топузова, а потоа е пратеникот Адеми Абдулаќи.

Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници,

На самиот почеток сакам да кажам дека се сложувам со изречените мислења на претходните говорници дека законот за заштита на сведоци претставува значаен сегмент во заокружувањето на законодавството од аспект на создавање на правна рамка за сузбивање на организираниот криминал кој во голема мера сеуште ја потресува Република Македонија и нанесува несогледлива штета на нејзиниот економски развој. Но морам да кажам дека и во периодот од 1998 - 2002 година ниту се отсуствуваше криминалот ниту пак имаше некоја поголема волја или беа преземени некои позасилени мерки за негово сузбивање.

Не можам да се сложам со тоа дека несериозно е пристапено кон изготвувањето овој закон, напротив сметам дека се организирани и јавни расправи меѓу другото и трибина на која учествуваа голем број на меѓународни и домашни експерти. Потоа имавме расправи по собраниските тела, комисиите и на пленарната седница. Сметам дека голем број од забелешките се земени во предвид и соодветно вградени во Предлогот на закон за заштита на сведоци кој што се наоѓа пред нас, како особено одредбите што се однесуваат за заштита на обезбедувањето на тајноста на сведокот.

Со оглед на тоа дека расправаме по текстот на законот јас не би сакала многу да должам, само сакам да кажам дека имав една примедба на Предлогот на законот што ни беше доставен за разлика од оној што претходно го имавме предлогот за донесување на закон, отсуствуваше рокот за формирање на одделението. Но, имам информации дека ова Одделение за заштита на сведоци веќе е формирано и овој став што упатува дека навистина Министерството за

правда, не дека не е подготвено да го имплементира овој закон туку во голема мера на сериозност ја сфаќа заштитата на сведоци како дел од борбата против најголемото зло на современиот свет - организираниот криминал.

Останувам уште една дилема која ми се наметнува која што ја изреков и претходниот пат околу рокот кој што треба да се имплементира овој закон. Со оглед на тоа дека во текстот стои дека во рок од 30 дена треба се донесат подзаконските акти и во рок од 30 дена да се формира советот, што вкупно изнесува некаде околу 2 месеци, а додека рокот за имполементирање на законот предвидениот рок е од почетокот на 2006 година.

Но и овде беа искажани мислења дека за имплементирање на овој закон се потребни големи финансиски средства па можеби и токму поради тоа овој закон ќе почне нешто подоцна да се имплементира отколку условите кои што се створаат со донесувањето на самиот закон.

Според мене е многу поважно, ако овој закон почне во целост да се применува и со тоа стане значаен инструмент во бескомпромисната борба против најголемото зло организираниот криминал.

На крајот сакам само да потенцирам дека завршницата на сведоци не треба да се сфати како обврска која треба да исполнува односно спроведува и подлежат исклучиво правосудните органи и полицијата. Напротив, оваа чувствителна материја бара многу широк пристап и за нејзино целосно и доследно провидување налага ангажирање на повеќе министерства односно целата Владата особено, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии. Вака подготвениот закон сметам дека во голем број ги исполнува барањата и дава правна рамка за борбата против криминалот и токму поради тоа пратеничката група на Либерално-демократската партија ќе го поддржи Предлогот на законот.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Има збор пратеникот Абдилаќим Адеми, а нека се подготви пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, почитувана госпоѓа министер по правда,

Сигурно дека целта на секој предлагач на закон, е да предложи добар закон, закон кој ќе се имплементира во пракса и закон со кој ќе се постигне и клучната цел на соодветниот закон. Сигурно дека целта на овој закон е да се сузбие организираниот криминал и другите форми на криминал, но јас мислам дека имплементацијата во пракса на овој закон ќе наиде на разни потешкотии.

Ваквите закони имаат земјите со висока демократија или земји со поголема површина од Македонија, и имплементацијата на законите во тие земји таму тече со потешкотии. Кога ќе се има во предвид фактот дека Македонија е една мала земја со два милиони жители, мислам дека имплементацијата на овој закон поради големината на државата и веројатно жителите ќе бидат отежнати но има и некои аспекти, други аспекти за кои сум скептичен дека овој закон ќе наиде на добра имплементација. Овој закон уредува една многу чувствителна материја и комплексна истовремено, затоа и треба да се анализира добро, пред да се донесе истиот.

Сигурно дека пре да се донесе законот треба да се усогласи и со Уставот и со разни меѓународни конвенции кои што сме ги ратикувале како држава, и треба да биде усогласен со внатрешните документи кои сме ги добиле како обврска за да ги имплементираме истите. И еден од тие документи кои ние имаме обврска како политички субјекти и како држава за да ги имплементираме и Охридскиот рамковен договор.

Ние како парламентарна гупра претходно поднесовме два амандмани кои произлегуваат токму од Рамковниот договор и од Уставот на Република Македонија, со што настојувавме да го усогласиме овој закон со амандманот 6 од Уставот на Република Македонија. Во суштина станува збор за составот на новите органи кои се формираат како последица на овој закон. Зошто ние инсистиравме и сеуште инсистираме во овие органи да има правична застапеност на сите етнички заедници. Претходно спомнав, првата цел е усогласувањето со Уставот и Рамковниот договор. Додека една друга цел е и довербата која треба да се создаде во однос на овие органи од сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивната етничка припадност. Јас спомнав и претходно, сега ќе повторам, дека составот на Советот на пропорционален начин треба да ги застапува така како што е и составот на етничките заедници во Република Македонија од многу причини кои што ги спомнав претходно. Сведоци сме дека во некои случаи оваа уставна одредба не се почитува и принудени сме оваа уставна одредба да ја внесеме во сите закони кои се донесуваат во Република Македонија и сме имале и пракса и претходна добра пракса во некои закони тоа го предлага Владата, а во некои закони го предлагаме ние со амандмани кои се прифаќаат од страна на претставниците на Владата и ние сме длабоко убедени, или сакаме да нагласиме дека имплементацијата на оваа одредба не треба да ја оставиме на добрата волја на раководителите на органите, туку ова сакаме да биде обврска и задолжително за раководителите на тие државни органи. Мислам дека Министерството за правда во случајов бидејќи е предлагач на овој закон треба да биде пример како се предлагаат закони, на пример како се усогласуваат закони со меѓународни документи, како се усогласуваат законите со Уставот и т.н. Мислам дека треба да се стави крај

декларативно да се ангажираме за имплементацијата на Охридскиот Рамковен договор, но тоа ќе го направиме во прв ред во пракса, а не само да се изјаснуваме декларативно. Сигурно дека овој закон треба да се донесе, бидејки ние направивме уставни промени, го донесовме Законот за следење на комуникации и како последица на тие измени на Уставот и Законот за следење на комуникации потребно е донесување на законот за заштита на сведоци. Но, ние начелно сме за да се донесе овој закон. Уште еднаш ќе повторам, ние бараме овој закон да се усогласи со амандманот 6 од Уставот на Република Македонија и со сите позитивни документи кои ги има донесено Република Македонија. Јас имам и други забелешки, но поради времето нема да должам и на крајот ќе нагласам дека сеуште не сум убеден дека можам да гласам за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, нели логичка работа е после сето она што се случуваше во нашава држава, а најверојатно и во сите пост-социјалистички земји појава на организиран криминал во поголем, или во помал обем, да се донесе еден ваков закон кој го поздравувам лично. Но, се прашувам колку е тој спроведлив во пракса во македонската држава, имајки ја предвид бројноста на населението односно практични прашања и практични констатации, една мала територија од 25 илјади километри квадратни колку ќе можеме да одговориме на предизвиците кои претпоставувам дека ќе следуваат дека овој закон нема да биде само закон кој едноставно ќе фигурира како донесен, туку дека и во практична смисла ќе се применува во македонската држава. Значи, прашањето е колку македонската држава може да одговори на овој предизвик, затоа што овој закон е специфичен и за прв пат заживува во Италија, значи пред убиството на Џовани Фалконе и т.н. и неможејки Италија да се справи со организираниот криминал таканаречената Козаностра донесува еден ваков закон кој во практика заживеа, но притоа имајки во предвид дека Италија е членка на Европската унија тесно соработува со САД, тесно соработува со нивните служби, има простор на делување. Според тоа овој закон ќе биде спроведлив доколку Република Македонија веќе начелно, ако не директно има воспоставена соработка со трети земји каде што во дадени случаи ќе може тој заштитен сведок да се испрати за едноставно да се заштити, притоа водејки сметка и за неговата фамилија и сето она што е наброено во законот, прво, второ колено, поврзаност по крвна линија. Така што без соработка со трети земји мислам дека овој закон многу тешко ќе се имплементира. Мора да се води сметка и да се црпат искуства она што западно-европските држави практично го применуваат. Претпоставувам дека овој закон е препишан и модифициран во македонски услови, можеби од Италија, можеби од Америка, не е битно. Како закон е прифатлив, опфатени се сите оние битни работи кои јас ги сметам како логични во една таква работа. Значи, покрај соработката со трети земји ќе значи доколку некој се нафати да сведочи за одредени криминални активности, тоа ќе значи од наша страна пред се доколку сведокот се наоѓа во опасност, а претпоставувам дека ќе се работи за луѓе дебело инволвирани во одредени криминални дејствија. Овој закон не се однесува на обични криминалци, туку се однесува на криминалци од повисок калибар, значи луѓе кои тргуваат со дрога, со оружје, со бело робје и т.н., ќе бара менување на личниот идентитет, ќе бара менување на личната документација, а тоа во Македонија и ако се направи и остане заштитениот сведок на оваа територија од 25 илјади км.2, верувајте дека ќе се пробие таа информација и заштитениот сведок веќе нема да биде заштитен, туку ќе биде јавна тајна неговиот престој, името и презимето кое ќе му го дадете и ќе биде предмет на ловење од оние кои се засегнати во дадениот случај.

Овој закон исто така, подразбира и одредени финансиски трошоци, не како овде што се наброени дека на заштитениот сведок ќе му се даваат финансии колку што ќе му бидат потребни за опстој за едномесечен живот во одреден временски рок на траење, ќе бара поголема финансиска поткрепа имајки во предвид дека заштитениот сведок има роднини по прва линија, има роднини по крвна линија, ако се работи за заштитен сведок кој прифатил да соработува и да потпише договор со одделението, не само да потпише, тој ќе биде и фотодокументиран и сниман за она што го кажувал како што е во практика и во нашата држава, како што е практика и во нормалните држави кога се потпишува за соработка се фотодокументира, се прават аудио снимки за да утре некој не каже дека она што го изјавил не е валидно. Затоа се прави фотодокументација, тајно снимање, аудио снимање за да може утре државата да се повика дека она што е потпишано е валидно и поткрепено со одредена документација, а не на денот на судењето да каже дека е присилен да сведочи затоа што е притиснат. Тоа исто така е една нормална работа и така работат сите современи полиции во светот, така треба да работи и нашата македонска полиција. Значи, да се заборави оној балкански менталитет, да работиме многу пософистицирано, ако сакаме да стигнеме до одредена цел како што е овој закон за кој и претходно кажав дека е прифатлив, коректен е, добар е, но прашање е колку е применлив доколку ние не склучиме спогодба со земјите кои имаат огромно искуство, пред се мислам на Италија како стожер и носител, можеби е пионер во оваа област и САД кои исто така имаат ваков, или сличен закон водејки непрестана борба со организираниот криминал, или таканречената мафија во Америка. Таа истата мафија во Италија носи сосема други имиња, имињата не се битни, битна е работата која ја работат таму. Единствената работа за заштита на

државата од таквите криминални дејанија, а прашање е што подразбираме под организиран криминал, тоа е еден голем термин, голема лепеза, донесен е Закон кој во Италија дава практична примена. За жал имавме случаи, гледајки по филмовите и медиумите и покрај сите докази кои се изведуваат судиите да ги ослободуваат, претпоставувам дека таква работа во нашата држава нема да се случува, затоа што сме премногу мали и премногу добро се познаваме меѓусебе. Што во случај доколку заштитениот сведок кој е од битна важност за државата и допринел за разбивање на одредени организирани групи кои работат како групи и носат штета на оваа држава, тоа лице се екстрадира надвор, таму се пробиваат информациите, се дознае кој е и што е, и после нивна ликвидација. Дали за тоа ќе се води сметка и дали сме моќни како македонска држава да заштитиме наш сведок надвор од Македонија, или тој со самото излегување од тука и предавање во рацете на, ако може така да се каже сојузничките држави во борба против организираниот криминал ги преземаат сите ингиренции. Тие прашања мора да ни се одговорат. Инаку, јас ќе гласам за овој закон, да нема дилема. Значи, со самото преземање на сведокот од трети држави, дали државата која го презема, ги презема ингеренциите за заштите на самиот сведок. Тоа е многу битна работа, за да се створи волја кај луѓето кои сакаат да соработуваат, дека утре ако застане на страната на правдата, дека надвор од државата ќе може да живее еден нормален живот, што значи да живее со сопствената фамилија, со сопствените деца и да има основни средства за егзистенција, притоа водејки сметка за промена на идентитет, на лична докмуентација и т.н., работи кои веќе се познати и видени во праксата на државите кои се во директен судир со ваквата проблематика. А најпросечен пример, по трет пат ќе кажам е Италија која и покрај донесувањето на вакви закони, таму не се викаат заштитени сведоци, таму се викаат покајници, но смислата е иста. Таму се случува да се пробијат имињата на покајниците и тие да бидат ликвидирани комплетно и со нивните фамилии на еден бескрупулозен начин затоа што во оваа работа нема милост, тоа треба да се знае, секој што ќе пропее, а не биде заштитен од државата е осуден да го заврши сопствениот живот онака како што реши организацијата, наречена организиран криминал, или како сакате крстете ги, или како Земунски клан во Србија со акцијата Сабја, името не е битно, битни се дејанијата кои ги прават и сигурноста која ние како држава можеме да им ја пружиме. Затоа уште еднаш се прашувам дали овој закон во практична смисла може да заживее овде кај нас? Имајки ја во предвид тежината со која ќе се судруваме ние, а премногу сме мали како држава со два милијони жители, премногу мала територија, значи нема да заживее воопшто ако немаме соработка со трети земји. Тој ќе соработува, но веднаш ќе бара да го тргнете од државата, да го пратите на побезбедно место. Еден таков случај имавме во 1986 година за кој не сакам да говорам. Значи, во времето на социјализмот во 1986 година имавме таков случај и тоа беше објавено во сите медиуми, разбиена е една група на наркодилери и главниот сведок соработник кој се појави, кој пропеа е пратен во трета земја. Тоа можете да го проверите и преку Министерството за внатрешни работи. Незнам како случај дали се води во Министерството за правда, но сеуште живо се сеќавам на таа случка, затоа што беше нешто ново во македонската држава, иако бевме во склоп на СФРЈ. Значи таа практика нема да се воведува прв пат сега, таква случка имавме во 1986 година и проверете и ќе видите каде заврши заштитениот сведок. Мислам дека тој принцип во една ваква плурална држава, во една држава која 15 години опстојува и која веќе има воспоставени претпоставувам нормални релации со службите кои работат на оваа проблематика, верувам дека ќе нема проблем. Но, притоа водам сметка и за нашиот македонски менталитет кој за жал е таков каков што е. Притоа се плашам дека многу од овие акции кои ќе бидат преземени да не ни бидат веќе во старт пробиени. Ќе се судруваме и со такви работи. Тука главна улога ќе има одделението кое ќе остварува соработка со соодветните служби за заштита на сведоци од другите земји што ги чува оригиналните исправи за идентитетот на заштитеното лице, што ги чува документите под кои ќе се води ова лице тука во државата, или надвор од државата. Но, пак ќе повторам, се плашам од пробив на информации, затоа што такви работи во минатото во практика ни се случувале и во предвоениот конфликт и за време на воениот конфликт и пост-воениот конфликт. Во една од моите дискусии говорев дека за жал после одржан колегиум во Министерството за внатрешни работи и при договарање за преземање акција на одредена територија на Република Македонија, акцијата во старт е пробиена и завршена како неуспешна. Значи, сите овие луѓе кои ќе работат и во Советот и во самото одделение мора да бидат луѓе од доверба, мора да бидат луѓе кои исто така 24 часа ќе се држат под надзор, затоа што парите не познаваат граници, секој може да се купи само зависи колкава е цената.

И во самите овие структури, за жал, не само кај нас секаде во светот постојат тие работи и тоа можеме секојдневно или да го слушнеме или да го прочитаме по медиумите, значи да се води сметка за луѓето кои ќе бидат инкорпорирани и ќе ги водат сите овие дејанија. Законот ние овде ќе го донесеме, но повторно ќе кажам прашање е колку ние во практика ќе успееме да го спроведеме, со сето она, за жал, сега овде зедов да го прочитам, немав време да го читам она што успеав како забелешки да ги фатам, ги фатив сега, последниве пет минути, и, тоа е тоа што можам како главни забелешки да ги дадам.

Ќе дадам поддршка на овој закон затоа што сакам да верувам дека ќе заживее, но притоа водете сметка и за луѓето во советот, водете сметка и за

луѓето кои ќе бидат во самите одделенија директно надлежни и директно ќе ги заштитуваат луѓето кои што ќе сакаат да ги заштитуваат затоа што, ви кажав дека нема човек во државата и во светот кој што нема цена. Само, прашање е, колкава е цената. Дали ќе биде 100 илјади евра, дали ќе биде милион, дали ќе биде 15, а организираниот криминал работи со милијарди долари, можеби не на овие балкански простори, но пошироко сите тие се поврзани како октопод, да не кажам како гидра со девет глави.

Толку би имал да кажам, ќе гласам за законот, она што успеав да го сублимирам е добро, е во ред, е океј. Претпоставувам дека голем дел од ова е препишано како пракса од државите кои веќе се судруваат, но не битно дали е препишано, законот треба да се прифати, а во практика како ќе заживее, тоа останува во рацете на извршната власт, на оваа што е денеска, на онаа што ќе дојде утре затоа што организираниот криминал, верувајте дека нема граници. Тој постоел, постои и ќе опстојува понатаму. Битно е колкава е нашата желба, колкава ќе биде нашата моќ барем да го минимизираме во едни нормални граници. Да се носиме со илузиите дека ќе можеме да го спречиме, да го избришеме, верувајте дека тоа не е можно, не во Македонија, никаде во светот. Едната глава ако се исече се појавуваат две нови. Тоа практиката го покажа, не овде, надвор.

За жал и нас не фати онаа болест од Западот која ја гледавме само преку малите екрани, и ќе мора да се носиме со таа болест. И, ќе мора да ја лекуваме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Се јави министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Навистина ми е драго што пратениците поддржуваат еден ваков закон бидејќи на овој начин со донесување на Законот за заштита на сведоци ќе се потполни една правна празнина и ќе се заокружи системот на казнена област во Република Македонија кој следи поминато годишното изменување и донесување на нови закони од областа на кривичната сфера.

Борбата против организираниот криминал и корупцијата не се проблем само на Република Македонија, ниту на регионот, насекаде во светот земјите преземаат мерки за ефикасна борба против организираниот криминал и корупција, меѓутоа, механизмите, мерките што се на располагање на земјите некогаш се ограничени, во нашиот случај со просторот, можам да кажам дека тоа не е единствен проблем, само наш, на нашата држава, туку со ваквиот проблем се соочени и земјите од соседството и токму затоа и тие и покрај тоа што пред нас имаат донесено Закони за заштита на сведоци, сеуште наоѓаат механизми, инструменти за да може да се зајакне борбата на ова поле и заштитата на сведоците на регионален план.

Можам да кажам како министер за правда дека во изминатиов период додека законот беше во подготовка преземав мерки на соработка и контакти со земјите од соседството, пред се и пошироко од регионот со цел во иднина да склучиме договори за соработка на овој план. Засега разговорите се остварија со министерот за правда на Република Албанија и на Република Бугарија, кои се соочуваат со истиот проблем и кои се заинтересирани за склучување на договор за соработка на планот на заштита на сведоци и нашата заедничка желба е во овие договори да бидат вклучени повеќе земји од регионот.

Значи, едниот начин е склучување на договори за соработка, што сметам дека ќе дојде како процес до почетокот на наредната година кога ќе почне овој закон да се имплементира и тоа е една покрај останатите причини поради која предвидуваме законот да се применува од почетокот на наредната година.

Но, и покрај меѓународната соработка на начин пропишан во меѓународни договори ратификувани согласно Уставот законот остава можност и врз основа на взаемен реципроцитет да се остварува заштитата на сведоците, а тоа значи дека во случај на потреба ако ние имаме потреба за заштита на сведоци со некоја друга земја и без договор да се остварува, што секако е од интерес секогаш на повеќе држави, затоа што ако ние бараме заштита на сведок во некоја друга држава, секако дека и таа држава може да се јави во улога на земја која има потреба да заштити сведок во некоја друга држава. Така што ова не е само наш проблем и мислам дека до крајот на годината ќе имаме и конкретни резултати на оваа меѓународна соработка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми имате реплика.

Повелете, три минути.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседател, се чини госпоѓата министер за правда не ги слушала нашите дискусии. На почетокот спомна дека се радува што пратениците го поддржуваат донесување на овој закон. Јас во мојот говор реков дека сеуште не сум убеден дека ќе гласам за овој закон. Не е ова проблем, вие, говорам сега како мнозинство, може да го донесете овој закон и без гласовите на Албанците.

Искуството на донесувањето на ваквите закони од 1990-2001 година, тоа е горко искуство за Република Македонија. И во 2002 година јасно е што се случи. И за да се надмине 2001 година, се случи Рамковниот договор. За да не се повтори 2001 година треба да се имплементира Охридскиот договор. За ова ние сме презеле обврска и како држава и како политичка партија и како Парламент и како сите органи што се тука присутни.

Доколку Македонија е обврзана да го спроведе Охридскиот договор сигурно дека и патот до Европската унија и НАТО ќе и се олесни. Инаку, Македонија лека полека ќе навлезе во еден лавиринт од кој што тешко ќе излезе.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми не мислам дека вашите забелешки до таа мера ве изиритираа да употребувате такви зборови кои што одат веќе и до, да не го употребам тој збор.

Ве молам, може да се договориме, може да се дадат амандмани, може да се дадат и предлози за ова, но мислам дека до таа мера да се изиритирате, мислам дека не е во ред тоа овде да се демонстрира.

Впрочем вие погледнете ги и гласачките листови, не сите мислат онака како што мисли и Владата со одбивање амандмани. Има некои што гласале и за вашите амандмани.

Повелете господине Србиновски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

**Илија Србиновски:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, би сакал и јас да дадам некој коментар за овој закон, во начело што би го поддржал, но би дал некои коментари: имено, Република Македонија е аспирант за влез во Европската унија и НАТО и како таква истата е обврзана сите свои прописи да ги усклади согласно законодавството на Европската унија и во што побрз рок истите да доживеат реализација во институциите на системот. Како обврски од приоритетен карактер се и што побрзо донесување на законот за заштита на сведоци и неговото практично спроведување. Без еден ваков закон не можеме да замислиме ефикасно, современо и квалитетно функционирање на Министерството за внатрешни работи, јавното обвинителство, судовите за чија работа сите многу добро знаеме каква оцена дадоа претставниците на ОБСЕ, ПРОКСИМА, Народниот правобранител и други владини и невладини организации и институции.

Сакаме да напоменеме дека законот за заштита на сведоците е клучен за започнување на подолго најавуваната борба против криминалот и корупцијата. Помпезноста на таа борба против организираниот криминал, митото и корупцијата како и непотизмот кој постои, сепак со овој закон се ставаат во функција дефакто де јуре.

Сите добро знаеме дека Европската унија мораше на нашата Влада да и покаже сериозност по ова прашање укажувајќи дека без законот за заштита на сведоци не можеме да очекуваме ни основна соработка со институциите на Европската унија, уште помалку приближувајќи од поранешните Југословенски републики, Република Хрватска овој закон го има донесено уште од септември 2003 година, што значи две години пред нас, во етаблирањето на Европското законодавство. Меѓутоа, никогаш не е доцна за спроведување на повисоките стандарди. Поради геостратегиската положба, нашата држава е раскрсница на која се одвива транснационалниот криминал, трговијата со бело робје, дрога и оружје. Компаративно анализирано, Хрватскиот закон за заштита на сведоци познава два органи како и нашиот. Овој Предлог закон познава и предлага за нас нова категорија на орган и тела кои ќе бидат надлежни за негово спроведување. Тоа се: Советот за заштита на сведоци и Одделението за заштита на сведоци. Согласно овој закон нивните ингеренции се таксативно наброени, при што се наведува во членот 19 дека по Предлог на Основното јавно обвинителство, Советот за заштита на сведоци е должен во рок од 8 дена да свика седница, додека во Хрватскиот закон е предвидено во рок од 3 дена, што е подобро, потранспарентно од аспект на итноста на случајот и благовременото делување на овие органи, бидејќи дополнителното известување, односно дополнителното прибавување на податоци е одоговлекување на постапката, односно тоа е во колизија со начелото на итност, кое како начело е со определен карактер во овој закон.

Друг клучен елемент за акцентирање во овој закон е и член 26, во кој се предвидуваат четири видови мерки за заштита на сведокот. Нема поединечно да ги анализираме сите мерки иако истите за прв пат се појавуваат во нашата правна легислатива, но промената на живеалиштето односно престојувалиштето сметаме дека не може да биде итна мерка од причина што итните мерки ги спроведува Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи, по претходно известување на Републичкиот јавен обвинител, а пред донесена одлука од Советот за заштита на сведоци, односно пред највисокиот орган промената на живеалиштето односно престојувалиштето предизвикува посериозни последици по животот, имотот и потесното семејство на сведокот, поради можните злоупотреби, сомневања или самоволие од страна на Основното јавно обвинителство и Одделението за заштита на сведоци, па сметаме дека е подобро оваа мерка како итна да се применува само по претходна одлука на Советот за заштита на сведоци.

Покрај овие забелешки и целосно и нејасни утврдени ставови, Предлог законот во членот 40 има аномалија во однос на меѓународната соработка. Субјектот, Одделението за заштита на сведоци е единствено надлежно за контакт и соработка со другите држави. Според нас не може една Организациона единица што дејствува во состав на Министерството за внатрешни работи да е единствено надлежна за контакт и соработка со институциите за заштита на сведоци од други држави. Сметаме дека Советот како повисоко тело треба да ја има таа надлежност, особено имајќи го предвид фактот дека претседател на Советот за заштита на сведоци е судија на Врховниот суд, а овој суд е највисоко судско тело во една држава. Во Хрватскиот закон изрично не е наведено кое тело ќе ја остварува меѓународната

соработка и комуникација, туку е оставен простор телата да дејствуваат на меѓународен план.

Секоја институција во државата, за да покаже повисоки резултати, мора да се предвидени средства во Буџетот за нејзино финансирање. Во Предлог законот во член 41 е предвидено дека министерот за внатрешни работи со подзаконски акт ќе го уреди начинот на распределбата, односно користењето на финансиските средства, но да напоменеме дека тоа важи само за Одделението за заштита на сведоци, бидејќи само тоа е во организациониот состав на Министерството за внатрешни работи. Не е предвидено како ќе се наплатуваат и реализираат работите за Советот и неговите членови, додека во Хрватскиот закон е предвидено дека со Уредба на Влада е предвиден посебен надомест за членовите на Советот. Затоа, сметам дека имајќи го предвид фактот за финансиската независност и сувереност, треба и во нашиот закон да се предвиди една таква одредба. Оваа одредба можеби ќе предизвика додавање нови ставки во Буџетот на Република Македонија, меѓутоа, цената за заштита на сведоците не може да биде занемарена.

На крајот сакам да истакнам дека овој Предлог закон предвидува кривична одговорност, но нема политичка одговорност, односно нема повисоко тело како собраниска или владина комисија пред која истите тела би одговарале за својата надлежност. Пример за вакво нешто е ако претседателот на Советот не свика седница во законски определениот рок или воопшто, Советот не се произнесе по Предлогот на Основното јавно обвинителство и не донесе одлука.

Се надеваме дека досега искажаното предлагачот на законот ќе го има предвид. Го поздравуваме донесувањето на овој закон и потврдуваме дека ќе ги поддржиме сите напори за конечно започнување на владеење на правото на Европската унија во Република Македонија, што ќе придонесе за што поборзо исполнување на нормативите кои се бараат од нас.

Значи законот ќе го поддржам во целина.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски.

Повелете господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Ќе настојувам да бидам краток и да дадам свои сугестии во врска со законот за кој расправаме. Некои од сугестиите што ги кажав во првата фаза од донесување на законот не се земени предвид, но поголемиот дел изгелда се запоставени и токму тоа ме поттикна да земам збор. Навистина не знам зошто предлагачот во членот 3 продолжува со истите решенија и повторно набројува само кривични дела, а во една посебна точка министерот не ги става кривичните дела кои се предвидени со казна од 4 години, кога се знае дека и за предложените дела во согласност со Кривичниот закон кој е во сила се предвидуваат казни над минимумот кој е одреден на посебен начин. Во членот 4, алинеја 4 повторно имаме исто решение, иако и таму укажав дека ова решение кое е предложено вака може да предизвика во текот на размената на информации да дојде откривањето на државната тајна.

Во членот 5 алинеја 5 верувам дека не е усгласена во целост со членот 15 алинеја 2, членот 10 мислам дека треба да биде паралелно со членот 15 бидејќи се многу тесно поврзани и би било добро да бидат еден позади друг и посебно што најмногу ме иритира да земам збор е членот 12 и неприфаќањето на амандманот кој е предложен од некои пратеници на ДУИ со кој се бара правичната и соодветна застапеност и во ова Одделение како орган во Министерството за внатрешни работи. Јас ценам дека оваа не е причина тоа за кое говореше министерот дека и покрај се министерот се товари со многу одредби бидејќи целта на предлагачите на овој амандман беше овој член во целост да се усогласи со уставните амандмани конкретно со амандманот 6.

Јас имам и други забелешки, но и покрај се, мислам дека се доволни забелешките кои ги кажав и верувајте ми дека се забелешки кои влијаат кај мене лично за тоа дали ќе го поддржам или нема да го поддржам овој Предлог закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Рафис Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, бидејќи ние како пратеничка група ги дадовме нашите забелешки било во комисиите каде што се расправаше околу Предлог законот и со амандманите, ние во текот на целото време се обидувавме Законот да биде колку што е можно поквалитетен и навистина тоа што го кажа пратеникот Абдилаќим Адеми, не само овој закон, туку и органите што ќе се формираат да ја имаат потполната доверба на граѓаните кон тие органи дека навистина ќе биде заштитен сведокот, неговото семејство и тн. Не дека не сме убедени, меѓутоа, ние имавме предложено како парламентарна група законот да се повлече и да се доработи, да се дополни со забелешките што се дадени од страна на пратениците и потоа да се донесе како предлог на седница и да се донесе од страна на сите пратеници. Вака како што е предложен овој предлог на закон ние како парламентарна група нема да го гласаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а пред да почне оваа точка во салата беа присутни околу 70 пратеници.

Сега се присутни 63 пратеници, претпоставувам дека ќе дојдат уште. Ве молам, заземете ги своите места.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 54 пратеници гласале за, 2 воздржано и 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на сведоци.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски: Минуваме на точката 26 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници колку што гласале, 62 пратеника се за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 66 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 65 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

**Минуваме на точката 27 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите 69 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пртеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани колеги, мислам дека заслужува барем некој коментар овој закон, затоа што и претходниот и овој со една невидена леснотија поминуваат без никакви дополнителни образложенија ниту од предлагачот односно Владата, ниту со дополнителни коментари од нас пратениците. Мислам дека треба да ни се дадат некои појаснувања околу предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за исплата на платите, односно околу причините поради кои е донесен Законот за исплата на плати во Република Македонија и поради кои тој до сега беше во важност.

Мислам дека главниот ефект од овој закон требаше да биде ограничување на општата потрошувачка која од своја страна делува на вкупните економски текови и на висината на инфлацијата во Република Македонија. Мислам дека со вака селективно менување на платите, на масата на плати само за избраните и именувани лица и функционери во Република Македонија било од Собранието, било од Владата, или ние како пратеници, правиме еден селективен пристап, иако во меѓувреме е почнат процесот на

декомпресија на платите со примената на Законот за државни службеници. Сметам дека тој процес е постапен, онака како што е предвидено во законот и дека навистина на овој начин од Буџетот на Република Македонија сепак треба да се издвојат, според образложението на предлагачот, вкупно 244,8 милиони денари на годишно ниво или 20,30 милиони денари на месечно ниво. Тоа е исто така една сериозна сума на средства од Буџетот и мислам дека навистина треба да имаме соодветен одговор или коментар дали се престанати причините поради кои овој закон е донесен и кој сеуште е во сила, по донесување на овие измени, освен за избраните и именуваните функционери. Ако се престанати тие причини за негова важност и негово донесување, тогаш не гледам причина зошто да важи само за избраните и именуваните функционери, односно да важи за сите останати вработени во државната администрација и за сите останати вработени во претпријатијата кои не се приватизирани над 51%, како што е и целта на законот.

Затоа, во смисла на донесување на овој закон ќе бидам воздржан и би сакал да слушнам образложение од предлагачот, односно претставникот на Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, за законот гласале 70 пратеници, 2 воздржано и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

**Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за катастар и регистрација на недвижности, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Емилија Костадинова, но пред тоа има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Дозволете господине потпретседателе сосема накратко да кажам, со оглед дека законот го разгледувавме во комисиите поопсежно, дека овој закон е во рамки на една поширока активност која Владата ја спроведува со цел за изградба на ефикасен и делотворен катастар на недвижен имот и систем на регистрација во Република Македонија, што во основа е во рамки на политиката на Владата за подобрување на инвестициската клима и подобрување на можностите за подобар развој на Република Македонија.

Врз основа на тоа, Владата покрена...

**Слободан Најдовски:** Господине министре, момент.

Јас би ги замолил пратениците, бидејќи имаме воведно излагање, ако немаме тогаш прашуваме зошто министрите не даваат воведни напомени, но кога имаме не сакаме да сослушаме. Јас би ве замолил да го сослушаме министерот во врска со воведните напомени за законот.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Моето излагање ќе биде кратко, нема да одземам многу време.

Во рамките на реформите на земјишната политика и катастарот, Владата ќе предложи поголем број на мерки, а ова е една од нив, со кои Владата заедно со Светската банка ќе работи заеднички на реформа на катастарот и на проектот за регистрација на недвижности. Во тој однос предлагаме Република Македонија да земе инвестициски кредит од Меѓународната банка за обнова и развој во висина од 10 милиони и 300 илјади евра, кој ќе биде наменет за реализација на тој проект. Како што можете да видите и во Законот, заемот е по традиционално поволните услови на Светската банка од 17 години, со грејс период од 5 години и каматна стапка која е значително поволна, Либор плус 0,75 денари.

Заемот целосно ќе го користи и Државниот завод за геодетски работи и ќе се враќа од буџетските средства кои овој буџетски орган ќе ги остварува во наредните години.

Би сакал уште да укажам дека врз основа на овој заем и со овој проект ќе се изврши комплетирање на катастарот на недвижности до 2010 година, ќе се овозможи подобрување на услугата која овој државен орган ја дава на граѓаните, како и политика на развој на земјишните политики, вклучувајќи и лимитиран дел од заемот за самото раководење на проектот кој е мал.

Врз основа на овој заем Република Македонија доби гранд на билатерална основа, кој ќе го следи заемот и тој е исто така уште една поволност.

Сакам да го известам Собранието дека во рамките на оваа политика многу брзо до Собранието ќе биде доставен закон за промена, прилично голема, на Законот за катастар, кој заедно со овој заем ќе овозможи во иднина политиките да се остваруваат согласно наведеното.

Ги повикувам пратениците да го прифатат законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

Повелете госпоѓо Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Почитуван потпретседателе, во интерес на времето бидејќи мојата дискусија беше сосема кратка, министерот ги даде основните цели поради кои се предлага донесувањето на овој закон, да не се повторуваат истите работи, јас се повлекувам од дискусија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министре, секако дека нема да има пратеници во Собранието кои нема да го поддржат овој закон, затоа што реформите во катастарот и најавениот закон за катастар се толку очекуваните реформи во катастарот, кои беа една од основните пречки за странските и домашните инвеститори кои многу долго чекаа на податоците од катастарот, а не е вината само во вработените во катастарот туку од реформите во катастарот и потребните средства за реализација на проектот за осовременување на катастарот, и не само осовременувањето туку и на одржливи земјишни политики на подолг рок, како што кажа и реализации на овој проект.

Граѓаните на Република, а не само странските инвеститори, очекуваат брза промена во работењето на катастарот и секако дел од тој проект ќе биде и делот на приватизација на одредени услуги во катастарот што треба да се случи во тој проект, а тоа значи и ослободување на катастарот од одредени услуги и поголем квалитет, со тоа што тие услуги ќе бидат дадени на пазарот, кој треба да даде нов квалитет во делот на услугите во катастарот.

Овој закон со задоволство ќе го поддржиме и Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

Повелете господине Андов;

**Стојан Андов:** Господине потпреседателе, господине министре, почитувани колеги,

Сметам дека ова е важен закон, особено што средствата кои се обезбедуваат се под многу поволни услови и што имаат намена на модернизација на работата на еден многу витален државен орган. Ние ќе гласаме за донесување на овој закон, меѓутоа, сакам да напомнам и обрнувам внимание на министерот на следното.

Ние и друг пат сме имале вклучување на добри заеми, а потоа во експлоатацијата, во користењето на средствата нашите институции многу да доцнат и прават големи грешки со можни големи последици. Сакам да му обрнам внимание да ја испита состојбата во користењето на јапонскиот заем од системот "Злетовица". Не одат работите како што треба таму. Ова само патем го кажувам. Тоа не го намалува значењето на овој заем. Овој заем да се ефектуира што побрзо, ние мислиме дека е корисно Собранието денес да го донесе овој закон и ние ќе гласаме за него. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов. Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, јас би сакал како известител на Комисијата за финансирање и буџет да го изнесам и она што е таму во извештајот напишано. Еве користам прилика морам да признаам дека на Комисијата за финансирање и буџет овој закон е поддржан едногласно, дури освен објаснувањето на министерот како преставник на Владата, немаше некои посебни дискусии. Би сакал само да напоменам дека целта поради која се зема овој заем е навистина, потребна. Реформите, односно проектот во катастарот и регистрацијата на недвижности е повеќе одколку потребна и сите ние не треба да гаиме некоја илузија и заблуда дека овој проект можеме да го реализираме со сопствени средства, или средства од Буџетот.Според тоа, кога се постигнал договор со Светската банка, тој договор треба да се искористи.

Морам да кажам дека условите под кои што се нуди овој заем може да се рече дека се поволни и тие не се разликуваат многу од оние заеми, кои сме имале прилика да ги земаме и досега. Се надевам дека овие средства ќе ја најдат вистинската намена и вистинската примена и дека конечно во овој сегмент овој проект ќе ја најде и својата реализација, за да се надминат и сите проблеми што ги имаме во овој сегмент. Значи како известител и Комисијата за финансирање и буџет даде апсолутна подршка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Чедомир Кралевски.

**Чедомир Краљевски:** Јас сакам почитуван потпретседателе само да соопштам на колегите и на јавноста дека ставот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија е идентичен, како што го соопшти пред малку известителот на Комисијата за финансирање и буџет, со надеж дека правилно и навремено ќе бидат употребени траншите од овој заем за целта за која се зема. Ќе дадеме позитивен глас, односно ќе гласаме за овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кралевски.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светската банка по договор за заем за проектот за катастар и регистрација на недвижности.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, сите 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Молам службите да го урврдат точниот број на присутни пратеници во салата, да видиме колку сме имале пратеници присутни во моментот на гласање.

Во моментот на гласањето сме имале присутни60 пратеници. Гласањето не е валидно. Го поништувам претходното гласање.Сега имаме веќе 62 пратеника. Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 55 гласале за, еден се воздржал, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на членовите 5, 6 и 7, со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закнот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по договор за заем за проектот за катастар и регистрација на недвижности.

**Минуваме на точката 29 - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот лза донесување на закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закнот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржжн, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари.

**Минуваме на точката 30 - Предлог за донесување на закон за царински мерки заштита на права од интелектуална сопственост, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закнот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници кои што гласале, 62 гласале за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 23, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман за менување на насловот на Предлогот на законот, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски:

**Никола Поповски:** Пратеникот Јашари има поднесено амандман кој и по неговото образложение е од техничка природа, има инверзија направено на насловот, со што суштината на законот не се променува.

Од тие причини, да не преземеме ризик на закон кој помина многу процедури, вклучувајќи усогласување со мисии на ЕУ, неформално, туку стручно усогласување, јас нема да го прифатам амандманот, иако не гледам дека е голема техничката разлика. Дури евентуално во лекторска процедура може да доживее некои измени и во таа насока. Меѓутоа, сепак би останал на Предлогот на законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре. Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор.

Има збор пратеникот Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател, на ЗПК , каде беше на дневен ред овој предлог за донесување на закон, со мојот предлог се создаде една позитивна клима од другите членови на Комисијата за законодавно правни прашања, затоа што моја цел не беше да ја изменам суштината на законот, туку покрај се засновајќи се на тоа дека овој закон е наменет за заштитата на правата на интелектуалната сопственост со одредени мерки, како што се заринските мерки. Повторувам, бидејќи овие се во интелектуална сопственост, јас оценив дека треба да се направи измена на насловот и затоа го предложив овој амандман. Колку за информација, сакам да нагласам дека заштитата на правата на интелектуалната сопственост во суштина се уредени со други закони. Правата на индустриската сопственост се регулирани со законот за индустриска сопственост, правата на авторот со законот за заштита на правата на авторот, додека преку овој предлог се создава, или се нуди можноста овие права кои се нарекуваат како права на интелектуална сопственост, да се заштита и со одредени царински мерки.

Повторувам уште еднаш, јас оценив и повторно ценам дека субјект се правата на интелектуална сопственост и затоа го предложив овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата. Мислам уште еден пратеник недостасува за да имаме кворум, па уште 20-тина минути ќе имаме пауза.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 16 за, тројца воздржани, 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник. 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.

**Минуваме на точката 31 - Предлог на царински закон.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2, член 6 за менување на став 11, член 10 став 2, член 28 став 1, во воведната реченица. Член 72 став 1, во првата реченица, член 85 точка (б) член 139 став 1, член 158 став 3, точка (г) член 231 став 1, за менување на алинеја 3 и на член 274, со кој се

согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошкоски поднесоа амандман на член 19 ставови 7 и 8 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 210 за менување на став 1 и за бришење на членовите 263 ,264, 265 и 266, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 ставови 7 и 8 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Јас се согласувам со образложението на амандманот дека Министерството, односно министерот за финансии мора да има контрола на ваквата мерка. Меѓутоа, амандманот не го прифаќам, затоа што во самиот закон тоа и предлагачот добро го увидел.

Во ставот 7 и во ставот 8 пишува дека министерот за економија во согласност со министерот за финансии. Тоа значи дека министерот за економија не може да предложи формална мерка, ако нема претходна писмена согласност од министерот за финансии и во тој случај министерот за финансии има целосна контрола на предложените мерки. Меѓутоа, во овој случај бидејќи министерот за економија е надлежен за трговијата, производството и другите мерки кои се во негова надлежност создал законот механизам во кој министерот за економија и за финансии треба да имаат консензус пред да излезат на Влада и на Владата да и предложат мерка. Во тој случај Министерството за финансии не може ниту правно ниту формално да биде заобиколено. Од тие причини амандманот не го прифаќам, затоа што тоа што во образложението се бара целосно во законот е испочитувано. Без согласност на министерот таа мерка не може да се пропише.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Далил некој друг бара збор?

Има збор Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** После објаснувањето на министерот Никола Поповски мислам дека фактички целта со амандманот што е постигната, со образложението кое што беше дадено дека веќе е вметнато во точка 7 мислам дека нема потреба од амандманот. Амандманот го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Значи ли тоа дека го повлекувате, немате уште еден кој што е со вас предлагач. Не знаеме дали господинот Паљошковски го повлекува амандманот? Се извинувам, има процедура.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Фалат уште 2 пратеници. Ако обезбедиме кворум да го изгласаме барем законот. Имаме уште два амандмани, да го изгласаме законот и ќе одиме на пауза.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 9 гласале за, 3 воздржани 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 7 и 8 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Отворам претрес по амандманот на член 210 за менување на став 1поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 263, 264, 265 и 266, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Никола Поповски:** Овој амандман е на казнените одредби од Законот, значи не на суштината на законот, туку на казнените одредби и се повикува дека треба да се избришат, затоа што се уредени со друг закон, во овој случај со Законот за прекршоци. Со оглед дека тоа не е надлежност на Министерството за финансии направивме консултација со надлежниот ресор како и во другите закони, цениме дека и тука овие одредби треба да останат, не правиме никаков исклучок. И затоа од тие причини амандманот не се прифаќа. Тоа е случај со сите закони и не го прифаќаме амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за амандманот гласале 8 пратеници, воздржани 5 пратеници, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 263, 264, 265 и 266 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Царинскиот закон.

**Минуваме на точката 32 - Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон.**

Поднесен е од предлагачите пратеници Никола Груевски, Силвана Бонева, Ганка Самоиловска Цветанова, Сашко Ќедев, Ристана Лалчевска, Љупчо Мешков, Илија Србиновски, Илија Китановски и Ѓорѓе Паљошковски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Пред да го отворам претресот по Предлогот за донесување, молам од предлагачите кој е овластен предлагач? Госпоѓа Силвана Бонева.

Отворам претрес по предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор.

Госпоѓа Силвана Бонева, па Ѓорѓи Трендафилов.

Госпоѓо Бонева, имаме уште пет минути до паузата. Малку ви се.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продлжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Бонева, а пота господинот Трендафилов.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на самиот почеток од моето излагање во името на пратениците кои што се потпишани на Законот за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, како предлагачи сакам да го искажам нашиот протест за несериозниот, неодговорен и игнорантски однос на Владата кон предлозите на закони кои што ги даваат пратениците во Собранието на Република Македонија.

Имено согласно со член 140 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија во ставот 2 Владата по правило доставува мислење најдоцна во рок од 3 дена пред да започнат расправите во работните тела на Собранието на Република Македонија се со цел пратениците преку комисиските расправи да придонесат кон срочување на подобар законски текст за да може Собранието кога ќе дојде законот во Собраниска процедура да биде олеснета постапката, да се чујат мислењата на пратениците, да се чуе мислењето во исто време и на јавноста, меѓутоа и на Владата на Република Македонија.

И, во овој случај немавме од страна на Владата на Република Македонија мислење и до ден денес немаме мислење по однос на законот за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг. Како резултат на тоа што немавме мислење работните групи односно комисиите во Собранието на Република Македонија не го гледаа овој закон. Јас се прашувам доколку во Собранието на Република Македонија најголем дел од законите се иницијатива на пратениците, дали има потреба воопшто од постоење на работни тела бидејќи во тој случај како што Владата воопшто не дава мислење по ниеден закон тогаш комисиите нема потреба да гледаат ниту еден закон, затоа што образложението на претседателите на комисиите е дека, штом нема мислење од Владата, тогаш нема да се гледа и законот.

Сметам дека ваквиот однос треба да престане од страна на Владата, да го почитува Деловникот за работа и да доставува мислења по однос на предлозите на пратениците.

Уште повеќе требаше да има мислење од страна на Владата заради тоа што ваков закон е неопходно потребен за уредување на односите на Република Македонија со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, но и за утврдување на обврските кои што ги има државата Република Македонија кон сопствените државјани кои што се обвинети кон нивните бранители и кон нивните семејства. Токму заради тоа што во моментот двајца државјани на Република Македонија за господинот Љубе Бошковски и господинот Јохан Трчуловски е покренато барање од страна на Меѓународниот кривичен суд во Хаг, за сторени дела против човештвото и меѓународното право.

Почитувани колеги пратеници во секоја нормална држава самата Влада е таа што со закон ја утврдува правната рамка на соработка со Меѓународниот кривичен суд. Тоа го направија државите кои што се судрија со истиот проблем, значи нивни државјани да бидат обвинети од страна на Меѓународниот кривичен суд, а наша Влада премногу доцна реагира или воопшто, како што е во моментов, не реагира во однос на тоа да направи регулатива и да ги регулира односите на соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, но за сметка на тоа пак избрзано и неосновано реагираше кршејќи ги со Устав загарантираните права и слободи на граѓаните во испораката на господинот Јохан Трчуловски на Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Собранието на Република Македонија, почитувани дами и господа, на оваа седница треба да го донесе во скратена постапка законот за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, од причина што во нашето казнено процесно законодавство постои во моментот правна празнина за поблиско уредување на односите на

Република Македонија односно на Владата на Република Македонија со Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Врз основа на членот 29 од Статутот на судот произлегува обврската за државите да соработуваат со судот во водењето на истрага и постапки на лица обвинети за извршување на тешки повреди на меѓународното право и Европската конвенција за правата на човекот. Во моментов Владата на Република Македонија соработката со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, за предметите кои што се отворени и за кои што има покренато обвинение од страна на Меѓународниот кривичен суд ваквата соработка ја остварува единствено врз основа на Резолуцијата на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации број 827 од 1993 година затоа што во изминатиов период нема предложено посебен закон, ниту донесено посебен закон со кој поблиску ќе се уредат прашањата за примена на Резолуцијата донесена од Советот за безбедност при Обединетите нации за поранешна СФРЈ.

Заради овие наведени причини сметаме дека Собранието на Република Македонија треба да го донесе овој закон, а основните начела врз кои што се заснова законот тоа се законитоста, јавноста, почитувањето на основните човекови слободи и права и презумцијата на невиност.

Содржината на законот е дадена во вид на предлог за донесување на закон, со Предлог на закон, заради тоа што овој закон ниту е сложен, ниту е обемен, меѓутоа е од огромна важност во моментот да се даде една правна рамка, со која што ќе се регулираат односите на Република Македонија како држава со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, а во исто време и обврската на државата Република Македонија кон луѓето кои што се обвинети, кон нивните бранители и нивните семејства. И заради тоа бараме на истата седница да се разгледа и предлогот за донесување на зкон, со Предлог на закон.

Законот што го предлагаме има десет поврзани делови, како лек-специјалист во кој дел од основните принципи на нашето законодавство, се поврзуваат со основите на постапувањето пред Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со цел да се исполнат претходно определените насоки постулати.

Во првиот одел, се констатирани основите за донесување на овој закон и потребата од негово постоење, со давање на точни и прецизни дефиниции за водот на соработката на која што се однесува овој закон. Меѓународниот интерес по кој што се постапува од страна на нашите органи и давањето на ингиренции на Владата на Република Македонија, и ако е извршна власт да превзема определени дејствија во областа на третата власт, односно судската власт, со што децидно се раздвојува теоретското и практичното постапување различно од постапувањето според нашите позитивни прописи и теоретски основи за истите.

Со определувањето на основната констатација, со која во целост се потврдува основното начело за презумција на невиност, како и заштитата на основните права и слободи на сите што според овој закон ќе бидат процусеирани пред меѓународните органи, се укажува на сите дека против лицата кои ќе бидат предмет на постапување според овој закон ќе мора да се постапува според сите правни правила од оваа област предвидени и во домашното и во меѓународното право особено според Конвенцијата за заштита на основните права и слободи на човекот и граѓанинот.

Во вториот оддел се предвидени правните правила за начинот на постапување на институциите на Република Македонија во врска со побараната соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, и тоа од аспект на потполна соработка и ограничена соработка кога со тоа се штитат интересите на Република Македонија, а сето тоа според позитивните законски прописи кои што важат во Република Македонија и кои се основ за преземање на сите дејствија спрема домашните државјани од страна на државните домашни институции.

Овде постојат две основни позиции кои произлегуваат од тоа дали со постапувањето по барањето на Меѓународниот кривичен суд во Хаг, Република Македонија го потврдува својот статус на земја во која владеат законитост и целосно почитување на основните човекови права и слободи или позиција со која се констатира дека со прифаќањето на барањето на овој суд Република Македонија само ги негира своите интереси и стратешки основи за државност и постоење кое и дава право да го заштити својот интегритет во однос на другите.

Во третиот оддел, почитувани дами и господа, се предвидени правни правила за постапување на нашите органи во случаи кога согласно прописите, гонењето за кривичните дела го презема судот во Хаг. Во овој дел се определени постапувањата и дејствијата кои се должни нашите органи да ги преземат во случај за определени дела да постои барање за преземање на гонењето од органите на Хаг како и во случај кога за такви дела определени лица веќе се осудени во Република Македонија, а за истите настани и пред судот во Хаг е преземено гонењето, со што всушност се исклучува максимата, не двапати гонење за исто дело, која регулатива е особено потребна бидејќи со истата се исклучува наведената повреда на основното начело преземено од Конвенцијата за заштита на основните човекови права и слободи. При една ваква состојба донесена правосилна пресуда од судовите на Република Македонија, станува неизвршна до окончувањето на постапката пред судот во Хаг.

Во четвртиот оддел, се дадени класични правни правила за постапување со лица кои што се лишени од слобода по барање на судот во Хаг, како и исклучок кој е спротивен на нашите правни правила т.е. екстрадицијата на државјани на

Република Македонија на стански правни органи. Ова е исклучително чувствителна глава. Во однос на тоа што ова се исклучоци, кои што до сега не беа воопшто регулирани во нашето законодавство. Во однос на тоа сопствени државјани, наместо да бидат судени во Република Македонија ги предаваме на постапување пред овој Меѓународен кривичен суд. И токму заради недостатокот од постоење на ваков закон и на регулирање на одредбите кои што се дадени во овој четврти оддел, кај што е регулирано како ќе биде притворот на обвинетиот и предавањето на судот во Хаг, се дигнаа големи тензии во Република Македонија во случајот на предавањето на судот во Хаг, од страна на државата Република Македонија на господинот Јохан Трчуловски, токму заради тоа што немаше јасна законска рамка и си зеде за право повеќе, Владата на Република Македонија да го узурпира правото на судските органи и таа да постапува наместо тоа да го прават судовите и токму заради тоа во членот 15 многу јасно е кажано дека барањата на судот во Хаг за притвор и предавање на обвинетиот без оглед чиј државјанин е истиот, ќе се уважи под услов со барањето да бидат приложени, основот на барањето, налогот на судијата на судот во Хаг, обвинетиот да се притвори и предаде, исправи за утврдување на идентитетот на обвинетиот, но мора да пости и одлука која што ја доенсува суд. Судот кој што одредил притвор, ќе остане надлежен и за одлуката за притвор поради предавање на судот во Хаг. Пред да биде донесено решение за мерка притвор и предавање, судот ќе го сослуша обвинетиот и ќе ги спроведе другите неопходни дејствија, а во врска со тоа има право на бранител или присутен адвокат. Сите овие одредби почитувани дами и господа, доколку постоеја Владата немаше да си даде за право да постапи во случајот на Јохан Трчуловски, онака како што постапи и затоа сметам дека навистина треба сериозно да се пристапи кон донесувањето на овој закон.

Понатаму, во петтиот оддел на законот е предвиден квалификативот гаранција, што нашата држава преку својот извршен орган Владата е должна да го даде тоа на нашите граѓани тоа да го остваруваат од слобода, доколку на барање на судот во Хаг бидат лишени од слобода и притворени.

Овој квалификатив е предвидлив и определен од аспект на тоа што со поставувањето на исклучокот наши граѓани да можат да бидат екстадирани на странски правни органи, постои можност да на истите им биде овозможено да се бранат од слобода за што државата како гарант остава голем простор да ги заштити сопствените граѓани од тоа да престојуваат во притвор определен од страна на судот во Хаг, а истовремено спрема своите граѓани да ја исполни основната постулација, заштита на сопствените граѓани.

Почитувани дами и господа, некои можеби ќе кажат па еве, државата Република Македонија односно Владата, дава гаранции од слобода да се бранат и господинот Љубе Бошковски и господинот Јохан Трчуловски, и дека и овој дел од законот е адакта. Не би се согласиле со тоа бидејки повеќе од месец дена Владата, уште во април месец има одлучено дека ќе даде гаранции за обвинетите во Хаг, меѓутоа, гаранцијата уште не е напишана, колку што знам и уште не е предадена до Меѓународниот кривичен суд во Хаг. Доколку се донесе законот, нема да се остави на слободна проценка на Владата да го растегнува давањето на гаранцијата, туку ќе биде јасно утврдено кога и како таа ќе ја даде и треба да ја даде гаранцијата за сопствените граѓани.

Во шестиот и седмиот оддел на законот се дадени правните правила за должноста на нашите органи да пружат правна помош на судот во Хаг во врска со прибирање на докази и преземање на дејствија против лица кои судот во Хаг ги процесуира, како и постапување на Република Македонија во случаи кога нашите државјани ќе бидат осудени со правосилна пресуда од судот во Хаг и истата ќе треба да се изврши на територијата на Република Македонија. Во овие одредби законот се повикува на важењето на домашното законодавство, во кое се регулирани правните правила за постапувањето на надлежните органи за секоја од наведените состојби. Значи овде е предвидена и можноста оние кои што се обвинети од Меѓународниот кривичен суд во Хаг да отслужуваат односно да ја издржуваат казната затвор во сопствената држава Република Македонија.

Во Осмиот оддел на законот се предвидуваат посебни правни правила за овозможување на дополнителни елементи при постапувањето кои се поврзани со овозможување на повисок степен на одбрана на обвинетите пред судот во Хаг, со што се исполнува и едно од основните начела на нашиот правен систем, на секого под исти услови да му се овозможи постапувањето и одбраната пред органите на прогон. Во конкретниот случај се определуваат правни правила со кои се овозможува определени инфорамции и документи кои се потребни за одбраната, а кои во редовна постапка до сега воопшто не биле на располагање на одбраната, во конкретните случаи да бидат на располагање во обем потребен за постапување на одбраната. Нема потреба да кажувам колку и овој оддел и овие членови се од суштествено значење за успешно спроведување на одбраната на нашите државјани кои се обвинети од Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Во деветтиот оддел се определени правата на обвинетите и членовите на нивните семејства од аспект на учество на државата во создавањето на материјални и други услови за постапувањето пред Судот во Хаг, со што државата во целина ќе се вклучи во постапувањето пред Судот во Хаг, овозможувајќи им на обвинетите да ги имаат сите

права, како и да им се суди во Република Македонија со што Република Македонија ќе биде претставена во целина како демократска и цивилизирана држава со сите аспекти на држава во која заштитата на правата на човекот и граѓанинот е на преден план.

Во десеттиот оддел се дадени одредби со кои се поврзува нашето законодавство и примената на законите на Република Македонија во сите правни состојби што не се регулирани со овој закон.

Почитувани дами и господа, ова беше накратко образложувањето на потребата од донесување на Закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг. Единствено нешто што треба да спомнам е тоа дека во моментот законот предвидува и финансиски средства за негово спроведување, кој ќе се обезбеди од Буџетот на Република Македонија и во моментот државата Република Македонија преку Владата има определено дел од средствата кои треба да ги даде на семејствата на обвинетите и на обвинетите за адвокатите, за нивната одбрана, меѓутоа, доколку биде усвоен денес законот од пратениците на Собранието на Република Македонија и ова постапување на Владата ќе биде обврзувачко, меѓутоа, ќе има и правна рамка за нивното постапување и во овој случај постои неопходна потреба од донесувањето на овој закон, а посебно заради тоа што веќе се отворени постапки, како што кажав, за двајца наши државјани за кои државата Република Македонија треба да покаже вистинска грижа како една вистинска демократска земја која ги почитува слободите и правата на сопствените граѓани, а уште повеќе кога тие граѓани се обвинети за нивно постапување во конфликтот во 2001 година, кога се бранеше уставниот поредок и државноста на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Три минути реплика за господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Во врска со изнесувањето на еден од предлагачите, а замислете од девет предлагачи само тројца се изгледа заинтересирани да следат, според мене еден толку важен закон во нашето ново законодавство, ќе го истакнам следното.

Најпрво колешката Бонева се осврна на работата на телата и органите, односно зборуваше за комисиите зошто не даваат мислење ако нема мислење од Влада. Колешке Бонева, и овој пратеник што сега вам ви реплицира има поднесено до сега три закони, на два закони исто така не доби мислење од Владата, а тоа не беше пречка да не се најде на дневен ред на седница на Собранието самиот закон. Тоа е една работа.

Втора работа: убаво го споменавте членот 29 од Статутот на Трибуналот, дури ја спомнавте и Резолуцијата 827 на Советот за безбедност и навистина ме чуди зошто не продолживте до крај и да го цитирате и да го протолкувате посебно правилото 58 од Правилникот за постапка и доказите, кој упатува дека одредбите на членот 29 од Статутот е за сите правни пречки при предавањето или трансферот на обвинетите или сведоците до Меѓународниот кривичен суд. Во интерес на јавноста и вистината мислам дека требаше и ова да го кажете како предлагач.

И конечно, за да не бидам конечно разбран, и јас сум еден од заинтересираните овој закон да биде донесен, меѓутоа, не во ваква фаза како вие предлагате, скратена, бидејќи ако вашата намера беше искрена законот би го предложиле многу порано, а не во април 2005 година. Затоа, мислам дека е најпрактично овој закон да се разгледува во две фази, во договор со Министерството за правда навистина да изготвиме еден квалитетен закон.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, од предлагачите овде се присутни шест пратеници и не е точно вашето тврдење дека се присутни само тројца. Зошто предлагаме законот да не биде во две фази, туку да се донесе во скратена постапка? Заради итноста на работите и заради тоа што имаме наши граѓани, државјани на Република Македонија за кои се води постапка пред Судот во Хаг и колку побрзо се донесе ваков закон, толку е подобро да бидат регулирани односите и во однос на Судот во Хаг и во однос на бранителите, постапката за обезбедување докази, поддршка на семејствата. Значи неопходно е потребно итно донесување на законот. Ние ќе носиме закон за енергетика што го добивме пред два дена по скратена постапка, иако немавме можност воопшто да го прочитаме. Овој закон е ставен во собраниска процедура на 11.04.2005 година. Мислам дека имаше доволно време и Министерството за правда и пратениците да го дадат своето мислење, а во однос на тоа што Владата не дава мислење и за другите пратеници, јасно укажав дека тоа е пракса на Владата за предлозите на закони кои ги доставуваат пратениците и тоа не треба да се толерира ниту од пратениците од парламентарното мнозинство, ниту пак од опозицијата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓо Иванова, три минути.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Бидејќи колешката Силвана Бонева ја спомна во својот говор Законодавно-правната комисија чувствувам потреба како претседател на Законодавно-правната комисија, во интерес на јавноста, да го кажам следното.

Законодавно-правната комисија уште на првата седница едногласно од сите членови на Законодавно-правната комисија ги утврди ставовите по кои ќе работи Законодавно-правната комисија принципиелно до крајот на сопствениот

мандат. Еден од тие ставови беше, предлозите на закони кои ќе бидат поднесени од страна на пратеници, доколку нема мислење од страна на Владата да не бидат разгледувани. Така, Законодавно-правната комисија постапува во овие две и пол години, значи не прави разлика при разгледувањето на предлозите на законите поднесени од пратениците од позиција или опозиција. Впрочем, ваквиот став до сега од никој не беше критикуван. Така постапуваат и останатите комисии како постојани собраниски тела, што не значи дека неразгледувањето на законот пред работните тела на Собранието е пречка да се разгледува овој закон на Собранието и да се искажат сите мислења, предлози и забелешки на законот во функција на подобрување на текстот на законот и претходно ако биде утврдена потреба за донесување на закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Ставот на Законодавно-правната комисија кој е донесен од Комисијата на почетокот на нејзиното работење дека без мислење на Владата нема да се разгледуваат законите смтам дека не е во ред и тоа не е деловничка одредба за вакво постапување. Сметам дека треба да се преиспита ваквиот став не само на Законодавно-правната комисија, туку и на другите комисии, бидејќи на нас како пратеници не ни се укажува достојното внимание од страна на Владата да добиеме мислење согласно Деловникот три дена пред расправата на Комисијата. Уште еден хендикеп е тоа што не можеме дури ни пред комисиите да расправаме за предлозите на закони кои ги доставуваме. И наместо да слушнеме уште на самите комисиски расправи кои се ставовите на другите пратеници, ние на денот на собраниската седница треба да го отвораме прашањето во однос на предлозите што ги доставуваме. Значи, неопходно е потребно преиспитување на ваквиот став на собраниските комисии.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски, вие се јавивте за реплика или збор?

**Александар Флоровски:** За реплика.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш немате право на реплика бидејќи се јавивте за реплика откако почнаа репликите. Овде воспоставивме едно правило процедурално, откако ќе почнат репликите да не се пријавуваме за реплики.

Еве, господинот Србиновски има збор, можете да реплицирате потоа. Повелете господине Србиновски.

Се јави откако почнаа репликите, а вие знаете за правилото. (Реакција од пратеници).

Мислам дека вашите колеги треба да ве информираат.

После господинот Србиновски, за дискусија е пријавен господинот Трендафилов, а потоа и господинот Флоровски ако бара збор.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарама почитуван претседателе.

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници, јас сакам да дадам по овој Предлог на закон за соработка со Меѓународниот Кривичен суд во Хаг некои мои излагања, за итноста на овој Предлог на закон.

ВМРО-ДПМНЕ во повеќе наврати во изминатиов месец излегуваше со свои ставови во однос на формата со која Република Македонија треба да го регулира односот со Трибуналот за воени злосторства на просторите поранешна Југославија со седиште во Хаг. Ова затоа што непобитен факт е дека Република Македонија веќе има двајца свои државјани кои се обвинети од страна на Хашкиот трибунал и кои веќе се наоѓаат во притвор. Затоа сметам дека под итно мора да се донесе правна регулатива која ќе оди во прилог на правно нормирање на начините на соработка, како и правната и парична помош која ќе ја воспостават институциите на Република Македонија со Хашкиот трибунал, вклучувајќи ја тука и соработката со двајцата обвинети македонски граѓани. ВМРО-ДПМНЕ смета дека во случајот со двајцата обвинети од страна на Хашкиот трибунал Владата е должна да покаже достојна грижа и почит кон своите државјани. Во таа смисла гледајќи го процесот на неформални договарања и ветувања од страна на владините министри и на премиерот, со семејствата на обвинетите, а тргнувајќи од нашата политичка одговорност, подготвивме Предлог на закон кој го доставивме до Република Македонија и кој се наоѓа веќе пред пратениците.

Почитувани пратеници, според членот 8 од Уставот на Република Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признаени во меѓународните права и во системот на владеење на правото. Но во изминатиот период сведоци сме дека Владата на Република Македонија со своите постапки без било каква судска одлука, за одредена категорија на наши државјани се става над законите и ги узурпира надлежностите на судската власт, што е спротивно на Уставот на Република Македонија и Законот за судовите. Доколку Владата ги почитува законите во оваа држава и Правилото 40 од Правилникот за постапка и докази на судот во Хаг како што се декларира, немаше да се случи без било каква судска постапка и одлука на надлежен истражен судија да се екстрадира државјанин на Република Македонија во Хашкиот трибунал. Со ваквото постапување на Министерството за правда во целина се изврши повреда на членовите 8, 9, 10 и 11 од Универзалната декларација за човековите права, како на членот 6 од Европската конвенција

за заштита на човековите права и основните слободи.

ВМРО-ДПМНЕ смета дека со донесувањето на Законот за соработка со Хаг поблиску ќе се уреди начинот на постапување на судовите и државните органи, надлежни за постапување по овие предмети.

ВМРО-ДПМНЕ сака да апелира до пратениците во Собранието на Република Македонија за прифаќање на овој закон, а исто така да упати апел до Владата на Република Македонија, во најбрзо можно време по изгласувањето на овој закон во Собранието на Република Македонија и негово објавување во "Службен весник" да ги преземе сите неопходни чекори за поквалитетна одбрана на нашите државјани.

ВМРО-ДПМНЕ меѓу другото бара Владата на премиерот Бучковски да достави гаранции до Трибуналот во Хаг и да побара двајцата обвинети да бидат пуштени на слобода до почтокот на судењето.

Исто така, бараме Владата во најскоро време да обезбеди еднократна парична помош за да им се ублажи болката на семејствата Бошковски и Тарчуловски, предизвикана од евентуални егзистенцијални проблеми.

Во натамошниот дел од моето обраќање ќе искористам можност за да покажам како решенијата на овој закон за соработка со Хашкиот трибунал кои ги предлагаме ќе помогнат во решавање на овој актуелен проблем, за кој не постои правна регулатива.

Најпрво, би сакал да истакнам дека при изготвувањето на Законот за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг користени се искуства од Хрватскиот и Српскиот закон, кои ја имаат регулирано материјата во однос на соработката со Хашкиот трибунал. Основата за донесување на овој закон ја црпиме во фактот што Република Македонија како членка на Обединетите нации е должна да ја почитува Резолуцијата број 827 од 1993 година, донесена од Советот за безбедност при Обединетите нации, со која е формиран Меѓународниот кривичен суд во Хаг за поранешна Југославија. Значи со овој закон не се оспорува потребата од таквата соработка, туку спорни се начинот и регулативата што ќе се применува при таквата соработка. Со законот се предвидени одредби во однос на лишувањето од слобода на обвинетото лице, како и постапување на надлежниот суд за испорака на обвинетиот на Хашкиот суд, доколку доброволно не се предаде обвинетото лице. Со оглед на ова, за да се изврши испорака на обвинетиот на Хашкиот суд, потребно да има одлука од надлежен домашен суд. Само да напомeнеме дека при испораката на Јохан Тарчуловски ова не беше применето.

Во законот постојат и одредби со кои им се признаваат права на обвинетиот кој се наоѓа во притвор и на членовите на неговото семејство, при што обвинетиот има право на надомест на трошоци настанати за време на траењето на притворот, надомест на трошоци за комуникација со семејството, како и право на надомест за трошоци за неговата одбрана. Доколку не се користат средства од Судот во Хаг кои се наменети за ангажирање на бранител, додека членовите на неговото семејство имаат право на месечен надомест, право на бесплатна социјална и здравствена заштита, право на надомест на трошоци за превоз и престој во странство за посета на обвинетиот и надомест на трошоци за комуникација со обвинетиот.

Со завршните одредби пак е предвидено дека овие права им следуваат на обвинетите од денот на нивното притворање.

Ова се глобално земено главните и суштински решенија кои ги содржи овој закон и кои сметам дека не би требало да бидат спорни за никого како во Собранието на Република Македонија така и надвор од него. Создавањето на вистинска процедурална рамка со која ќе биде регулирана оваа соработка ќе биде од големо значење за обвинетите државјани на Република Македонија, кои имаа уставна должност да постапуваат во конфликтот во 2001 година.

Исто така, би сакал посебно да истакнам дека правната и финансиска помош која би се обезбедила од Буџетот би помогнала за расветлување на голем број на спорни и невистинити моменти кои се содржани во обвинението, а кои доколку останат неразјаснети ќе имаат далекусежно влијание по негативниот углед и рејтинг на Република Македонија како на меѓународен план, така и на планот на внатрешното дефинирање на тоа што ни се случуваше во 2001 година.

И на крајот сакам да ја искажам мојата убеденост дека господинот Љубе Бошковски и господинот Јохан Тарчуловски, со соодветната помош која Република Македонија е должна да им ја пружи ќе ја докажаат својата невиност и својата уставна должност за одбрана на татковината пред Трибуналот за воени злосторства.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски.

За реплика се јави прво господинот Флоровски, три минути.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** На време го притиснав копчето овој пат, прееска не успеав. Се работи за рефлекс, не за грешка.

За жал, немаме претставник на Владата кој сакав да го слушнам што мисли за донесувањето на овој закон, имајќи предвид дека важноста на Хашкиот трибунал е до 31.12.2004 година, ако не се лажам. Тоа е првиот момент и бара правно и автентично толкување, а најкомпетентен тоа да го каже претпоставувам дека е министерот за правда или неговиот заменик.

Она што лично ме погоди како човек, имајќи ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, вие побаравте реплика, не побаравте збор.

**Александар Флоровски:** Да, се јавив за реплика.

**Љупчо Јордановски:** Кажете ми точно на кој дел на говорот на господинот Србиновски сакате да реплицирате.

**Александар Флоровски:** На делот каде што се спомнати братот Љубе и Јохан Тарчуговски, а не Тарчуловски, да знаете.

**Љупчо Јордановски:** Имате нешто против?

**Александар Флоровски:** Сега ќе ви објаснам дали имам против или не. Лично немам против што се спомнати, но морам да потенцирам една работа дека лицемерието не ми е својствено и дека во овие говори почувствував една таква нишка.

Не треба да заборавите дека Љубе Бошковски помина низ едно тешко премрежие и беше буквално заборавен од сите, и кога му беше најтешко никој не најде за сходно да го праша што се случува со него, со неговото семејство, со неговите деца. Денеска се повикува некој и да плаче над судбината на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, мене лично ми делува дебатантно, бидејќи цело време бев со него и за време на претседателските избори, каде што ми се направени многу далавери, македонски кажано, а денеска да ми говори некој овде колку е загрижен за Љубе и за Јохан, прво не е принципиелно, второ не е човечки, трето не е етички, четврто не е морално.

Лично знам што му се случувало, какви сопки му се правени и за жал, заврши таму каде што заврши. И неговата судбина е неизвесна господа браќа од ВМРО. И тука решението го гледам само на еден начин, а тоа е македонската држава да даде гаранции луѓето да се вратат во Македонија да се бранат од слобода. Тоа е конструктивен приод, тоа е приод кој треба да го договориме сите во Македонскиот Парламент и во Македонската Влада, ако сакаме да успееме нешто. После смрт да бараме болест, мислам дека е нелогично. Да не кажам дека е небулозно, да не употребам потежок збор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И без да го гледате времето зборувавте точно 3 минути.

**Александар Флоровски:** Го следам часовникот претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Имате часовник затоа.

Господине Србиновски, имате една минута.

**Илија Србиновски:** Мислам дека нема што да продавам демагогија, ние како опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, постојано го поддржуваме господинот Љубе Бошковски и господинот Тарчуловски и материјално, и психички и неговото семејство му даваме поддршка и токму заради тоа ние предлагаме ваков закон за да може што побрзо да се стави за господинот Љубе Бошковски и господинот Тарчуловски. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Адеми, имате три минути реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Господине претседател, сакав да реплицирам со говорникот и предлагачот на овој закон и тоа спомнаа во дискусијата дека се говори за двајца обвинети од Република Македонија кој што се наоѓаат во Хаг. Јас би рекол дека во Хаг се наоѓаат еден граѓанин на Република Македонија и еден граѓанин на Република Хрватска, затоа што доколку беше граѓанин на Република Македонија тој ќе престојуваше тука, ќе останеше тука и немаше да избега во Хрватска, ќе се предадеше пред органите на правдата овде во Македонија и ќе докажеше дека е, или не е виновен. Затоа не се говори за двајца граѓани, се говори за еден граѓанин. Што се однесува до тоа дека Владата треба да се грижи за заштита и давање на гаранции, мислам дека е недоволна само проценката на Хелшинскиот комитет и меѓународната група за кризи, дека овие гаранции не се потребни затоа што таму не се обвинува Република Македонија, туку се обвинуваат поединци, затоа и јас како граѓанин на Република Македонија не сакам да мојот личен придонес оди за заштита на двајца војни криминалци. Од друга страна вие како предлагач малку сте задоцниле со процедурата затоа што Хашкиот трибунал до 31.12.2004 година, функционирал и веќе не функционира и нема да има нови обвиненија. Затоа законот што сте го предложиле вие е без важност. Моја проценка е дека овој предлог е за политичка придобивка и ниски политички поени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема потреба процедурално, ислушав и јас ќе искоментирам тоа, ве молам. Јас само се обидувам да го сочувам дигнитетот на искажувањето, дека господинот Адеми, дека сте малку нервозен, судот треба да докаже кој е и што е. Тоа е ваше мислење и ваш став, Уставот ви дава за право да се што ќе кажете овде дека ве штити и не одговарате, инаку од морален и етички аспект, тоа вие треба сами да се запрашате. Благодарам. Ве молам, немојте да коментирате имаше овдека порано, додека малку не сватиме ..терористи, вакви изјави, па бевме, па се сослушавме, па никој не се најде повреден. Ве молам имајте разбирање од ова место,сепак морам да најдам компромис. Господине Адеми нема процедурално. Сега да на ја водиме работава во таа насока, на никого не му користи. Ќе седнеме, ќе поразговараме. Сега господине Србиновски имате една минута контра реплика.

**Илија Србиновски:** Благодарам. Па мислам дека целата јавност во Република Македонија, дури и други држави знаат кој беше Љубе Бошковски, дека, министер за внатрешни работи беше и кој тој ја бранеше државата Република Македонија и сега ако немаме ние право како пратеници во Собранието да побараме за негова спас од тој Хашки трибунал, мислам дека гревно е да се

зборува за таков еден човек кој ја бранеше Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски, никој не ви го оспорува тоа право, затоа овој закон дојде овдека, али овде има и друг право да каже што мисли.

Повелете господине Трендафилов, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Особено сум трогнат од точката на дневниот ред, од предлагачите. Првото нешто што ми паѓа на ум е, ова значи практично како во новиот завет да биде вклучено евангелие по Јуда.

Прво, од првите двајца дискутанти од редовите на предлагачите, јас бидејќи не сум правник и не ги знам во детали процедурите во Трибуналот, стекнав впечаток дека госпоѓата Бонева зборува за меѓународниот кривичен суд, а господинот Србиновски, зборува за меѓународниот кривичен суд за воени злосторства сторени на територијата на поранешна Југославија. Навистина, и двата егзистираат. Но тие се две одвоени институции. Имено, институцијата за која зборуваше господинот Србиновски, повеќе нема да има предмети, заклучно со 31.12.2004 година, додека институцијата за која говореше госпоѓа Бонева и понатаму ќе егзистира и впрочем, Република Македонија има еден билатерален договор, кој токму во сферата на меѓународното кривично право го има потпишано и за кој до ден денеска во јавноста постојат дебати.

Значи, доколку предлагачите имале намера да направат нешто во насока за заштита на македонските државјани пред Меѓународниот трибунал за злосторства сторени на територијата на поранешна Југославија, тоа можеа да го направат многу пред 31.12.2004 година. За жал дел од предлагачите, ако не и сите предлагачи, тоа време не го искористија за плер, би го наректол наследството на поранешниот претседател на Владата на Република Македонија, господинот Костов и целата таа какафонија, која во тој несреќен период остана во Република Македонија. Значи, разбирливо е дека јас во ниту еден момент не сум помислил, дека јас како пратеник ќе дадам глас за овој закон и не само поради тоа што овој јудин бакнеш кој сега доаѓа од дел од таканаречената здружена опозиција или овие 7-8 кои се потпишани како предлагачи, туку затоа што сум искрено уверен дека во моментот на Република Македонија не и е потребен повеќе тој закон затоа што Меѓународниот трибунал за злосторствата на поранешна Југославија не постои, нема да отвора повеќе постапки. Исто така, што се однесува до обвинението, особено за господинот Бошковски, ние ќе проговориме, значи како Пратеничка група на ВМРО-Народна партија, делумно и во рамките на Интерпелацијата која е на дневен ред на министерот за правда. Можеби делумно ќе проговориме во рамките на работата на Обвинителството. За жал над личната, прво личната несреќа на двајца македонски државјани, личната несреќа на нивните семејства, оние кои со своето политичко дејствување, во времето кога имавме и како земја и како политичка организација можност да направиме нешто позитивно, доколку искрено имавме намера да им помогнеме, први се оградија, први избегаа и денеска се дрзнуваат барем пред пратениците на ВМРО-Народна да ронат крокодилски солзи.

Почитувани предлагачи на законот за соработка со Хашкиот трибунал, ќе ве замолиме барем јас еве од мое име ќе ве замолам, немој да го браните толку многу господинот Бошковски.

Прво, за господинот Тарчуловски ќе зборуваме и во рамките на Интерпелацијата, но случајот на господинот Бошковски е од постар датум. Бранете го на начин како што браневте и досега. Само не со овој обид преку Парламентот или со некои обиди кои во јавноста ги пласирате, а всушност воопшто не одат во прилог на Република Македонија и воопшто на граѓаните на Република Македонија. За мене, како и за повеќето овде верувам во салата двајцата македонски државјани се таму затоа што одговорија, прво на уставните обврски, затоа што беа службени лица, едниот на позиција министер, другиот на позиција вработен во соодветното Министерство, и второ затоа што и двајцата одговорија и на моралната обврска на секој македонски граѓанин да ја брани својата земја кога таа е во опасност. Тоа што сега пост фестум, затоа што очигледно оној што ја има мувата на капата има обврска, име условен рефлекс веќе стекнато да ја ишка од себе, сега што вели народот по свадба тапани, мислам дека и на оној кој не ја следи, не ги следи политичките дебати, посебно внимателно во земјава му е јасно.

И второ, бидејќи на почетокот зборував дека прво е лична несреќа на двајцата македонски државјани кои се во притвор во Хаг, потоа секако на нивните семејства, неоделиви се дека таму денеска и се суди и на Република Македонија. Можеби на некому таа Република Македонија не му се допаѓа, или можеби некој има, и негува илузии дека Македонија треба да изгледа многу поинаку од ова како што изгледа сега. Се разбира, тука не мислам во насока дека ќе бидат прифатени одредени стандарди, форми на однесување за Република Македонија да заличи нормална земја, како што и госпоѓата Бонева впрочем зборуваше, без притоа да и падне на ум дека тие нормални земји на кои се однесува Законот за воени злосторства, се однесува само на 6 сега независни земји, кои произлегоа од поранешна СФРЈ, додека не се однесува, замислете, да речеме на Чешката Република и на Словачката Република. Тој другиот трибунал за меѓународен кривичен суд, каде што, е тие како нормални земји исто така имаат свои обврски.

И, на крајот би сакал да завршам дека несомнено е, дека Република Македонија има обврска, да стори се за да излезат овие нејзини државјани ослободени без сомнение од било какво обвинение. Значи нивната ослободителна пресуда треба да биде без никакво сомнение дека

тие не сториле ама баш ништо што ги загрозило обичаите на уживањето. Впрочем, во редовите на таканаречената здружена опозиција, имате еден сега веќе градоначалник, кој во рамките на своите тогашни професионални обврски беше командант на таканаречената тактичка група Запад, каде што и наводно се случило она здружување заради извршување злосторства, па имате прилика од прва рака да се запознаете, што точно таму се случило, ако досега после 4 години од 2001 година, почитувани колеги од таканаречената здружена опозиција, не сте сватиле а верувам дека не сте сватиле. Затоа, јас нема ниту по никакви услови, ниту ми паднало до сега на памет, овој ваш максимално непристоен, без елементарно чувство за некаква пристојност кон чувствата на семејствата, особено на господинот Бошковски, не ми паѓа и нема да ми падне на ум да го поддржам, туку доколку можам ќе придонесам овој ваш гнасен обид да биде збришан во салата број 1, каде што се оддржуваат пленарните седници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Трендафилов, сега имате реплика од госпоѓа Бонева.

Господин Китановски, вие имате збор или реплика?

Госпоѓа Бонева, 3 минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Трендафилов. Најпрвин воопшто не сте го слушале образлагањето на потребата од носењето на овој закон, за што доколку слушавте, ќе ви беше многу јасно дека ја спомнав Резолуцијата на организацијата на Обединетите Нации број 827 од 1993 година, која што зборува за поранешна СФРЈ. Значи, тука е многу јасно за кој закон се зборува и цело време зборував за Меѓународниот кривичен суд во Хаг, пред кој што имаме обинети, од кој што имаме обвинети наши државјани. Во однос на тоа, дека, ние сме флертувале со Владата на госпдинот Хари Костов, нема воопшто да давам коментар бидејќи многу е јасно на целата македонска јавност кој флертува со Владата на Република Македонија, а мувата не е на нашата капа, ние не се занимаваме со демагогија и градење на среќа на несреќата на другите, туку се трудиме со конкретни дејанија да ја олесниме состојбата не само на обвинетите и нивните семејства, туку да го одбраниме достоинството и на Република Македонија, кое што треба да има еден ваков закон кој што ќе даде јасна рамка за постапување во случајот со овие двајца обвинети, бидејќи другите случаи веќе се вратени назад во Република Македонија. Меѓутоа, и за не дај боже да дојде момент, не прејудицирам ништо, меѓутоа, не дај боже да се случат нешта кои што ни еден од нас не ги посакува, треба Република Македонија да знае како треба да се однесува. Токму заради тоа е потребен овој закон. Ние не шириме демагогија, и вие сте тие кои што зборувате за демагогија, бидејќи велите дека ваков гнасен обид за носење на закон нема да го поддржите. Никој не ве присилува да го поддржувате. Ние со конкретни дејанија, покажуваме што е нашата грижа и што треба да направи Република Македонија. Како правна држава и како демократска држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, нема потреба од нервоза, сите можеме да го кажеме своето мислење.

Повелете господине Трендафилов, 1 минута.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитувана колешке. Значи ние, јас и вие нема да најдеме заеднички јазик, меѓу другото и по ова прашање, како што нема да најдеме и по многу прашања, но се надевам дека оваа ваша фрустрација и гнев нема да произведе уште еден обид за распишување на референдум, каде што ние на дуел, нели, би го решиле на елегантен начин ова прашање.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, имате збор. Потоа господинот Флоровски, вие баравте збор? Па госпоѓа Бонева трета за збор.

**Илија Китановски:** Господине претседателе, колеги пратеници. Би сакал на почетокот на мојата дискусија да се осврнам со две реченици, само на репликата, односно дискусијата на госпдинот Трендафилов, и ако моментално излезе од салата, но веројатно ќе ме чуе надвор, преку мониторите. Навистина жално за него, жално за граѓаните на Република Македонија кои што го гледаа овој негов испад, да речам повеќе, отколку говор. И навистина тука би ја завршил сета полемика или дискусија, со него околу оваа точка.

Што се однесува до Законот за соработка со Хашкиот трибунал, во мојата дискусија ќе се осврнам најмногу на неоходноста од негово донесување, значи контре неколку тези кои што беа изнесени заради тоа дека е задоцнето, па дека ќе престане со работа Хашкиот трибунал и така натаму и неопходноста од негово донесување, заради ред други причини, не само заради тие изнесени тези. И најповеќе исто така на редица на невистини, наведени во образложението на обвинението кое што македонската јавност и голем дел од граѓаните на Република Македонија имаа можност да го прочитаат, односно да се запознаат со него, бидејќи беше објавено и во печатените медиуми.

Значи, иако Република Македонија и нејзините граѓани се длабоко убедени во апсурдноста и неиздржаноста на обвинението на двајцата бранители на Република Македонија кои се наоѓаат во Хашкиот трибунал, а поврзано со конфликтот во 2001 година.

Сепак се свесни,нема алтернатива, затоа што алтернативита ги имаме во соседството и се познати, сигурно ќе бидат погубни за било каква перспектива европска на Република Македонија. Значи, нужноста од соработка со Хашкиот трибунал од една страна и нашата обврска почитувани колеги, да застанеме зад луѓето кои застанаа во одбрана на Уставот и на легитимните институции на оваа земја не натера на ваков

чекор, а тоа е предлагање на закон за соработка со Хашкиот трибунал, без никакви други ментални фискултури околу тоа дали е задоцнет, дали некој мислел вака, или онака и без никакво еклузивно право да си презема некој за некого да кажува дека тој има ексклузивно право да зборува за бранителите, да зборува за лицата кои што се обвинети пред Хашкиот трибунал итн. Мислам дека тој ексклузивитет само лично тие можат да го дадат, а не сум запознат со такво право кое што би му било пренесено на било кој. На крајот на краиштата овде разговараме за нив и тие се обвинети како припадници на регуларните сили, одбрамбени сили на Република Македонија во воениот конфликт. Значи, само како такви.

Нужноста од соработка со Хашкиот трибунал не претставува состојба каде што оваа соработка би се остварила анархично, без никакво почитување на процедурата пропишана во Република Македонија како и дневно-политичко определување на нивото на соработка на државата со одбраната на обвинетите, или со нивните семејства и роднини. Во секоја нормална држава која што е приморана на ваков чекор самата Влада треба да иницира правно нормирање на ваквата соработка. Доказ за тоа се и редиците критики од разни организации и институции во Република Македонија, од дел од јавноста итн. Значи, само нормирање на оваа соработка со еден закон би можело и Владата да ја поштеди од разните критики дали од една, или од друга страна, те зошто да дава гаранции, те зошто да не дава гаранции. Ова го имаме како пример во соседството Србија и Црна Гора, Хрватска, Република Српска, Босанско Муслиманската Федерација каде што самата власт беше иницијатор за потребата од донесување на ваков закон за соработка со Хашкиот трибунал. Факт кој што зборува дека Владата многу индолентно се однесува во однос на овој проблем говори и за нејзината сервилност и некритичност во меѓународната соработка не само со Хашкиот трибунал. Таа во ваквата соработка постојано се наоѓа во една состојба на безидејност, на временско заостанување со потезите, со што ја доведува Република Македонија во состојба на цајтнот, во состојба на влечење на избрзани одлуки кои како такви избрзани имаат голема веројатност да бидат и повгрешни. Ова може да се увиди нормално и во однос на другите проблеми кои што стојат на патот на Владата во меѓународната соработка како спорот со името, немањето став и стратегија во однос на идната разрешница на статусот на Косово и можните импликации и обележување на границата, барањето на стратешки партнери и лобист на Република Македонија во меѓуародните комуникации .

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, ќе поверувам дека господинот Трендафилов е во право, бидејќи вие не зборувате за закон, зборувате за нешто сосема десето. Ве молам продолжете со дискусија за законот.

**Илија Китаноски:** Се што кажав претседателе е во контекст на законот.

**Љупчо Јордановски:** Незнам, за името дали има врска со овој закон.

**Илија Китаноски:** Од друга страна ваквиот индолентен однос на Владата се должи на незаинтересираноста за судбината на нејзините граѓани, улогата која што тие ја извршија во одбрана на Уставот и на уставниот поредок на Република Македонија, како и за демантирање на констатациите и неточностите за кои што претходно зборував изнесени во дополнителните факти на обвинението, бидејќи тие се навредливи за меѓународниот углед на Република Македонија и за улогата на државните институции во конфликтот 2001 година, институции во кои што партиципираа и сегашните припадници на владиното мнозинство. Значи, Владата мора да ги оживее овие норми на соработка пред се заради честа и угледот на Република Македонија и за љубов на вистината. Токму затоа ние предлагаме закон за соработка со Хашкиот трибунал. При изработката на овој закон се применети методите на компаративна анализа при што се вметнати најдобрите и најсоодветни решенија кои што се застапени во законите на земјите кои што веќе имаат вакви закони и веќе имаат соработка со Хашкиот трибунал, Србија и Црна Гора, Хрватска, Република Српска. При тоа основната идеја на овој закон е регулирање на правната процедура на испорака на евентуално новите обвинети од страна на Хашкиот трибунал, иако сите сознанија официјални се дека нема да има дополнителни обвинувања, прецизно регулирање на трошоците што државата ќе ги подмири од буџетот за подмирување на трошоците на одбраната, обезбедување на сите достапни информации и документи кои што би можеле да бидат од помош за одбраната без разлика на нивната тајност и институцијата од која што доаѓаат. Подмирување на трошоците за комуникации и транзит помеѓу обвинетите и нивните семејства, гаранции на државата за бранење од слобода на обвинетите итн. Иако овие работи поединечно од Владата се навестени, или веќе донесени, сепак најдобро решение е сите тие да бидат регулирани во еден закон како што е направено во другите земји. Значи се работи за еден цел спектар на мерки кои во никој случај не ја отежнуваат соработката со трибуналот, туку таквата соработка ја чинат легална, принципиелна и правична. Исто така, овие средства кои би требало да се издвојат за ваквата намена иако на прв поглед некому му изгледаат големи споредени со средствата кои што се издвојуваат во другите држави навистина се недоволни за намените кои што се предвидени. Сите овие мерки почитувани колеги глобално погледнато можат да овозможат демантирање на фактот дека Хашкото обвинителство во анализите на состојбите опфатени со обвинението за причините на конфликтот, големиот број на невистини искажани таму и опфатени би можеле да бидат демантирани од домашните институции кои би требало да овозможат одвивање на

постапката каде што вакво искривување на вистината ќе биде задкриено. Ваквото демистифицирање би одело во прилог не само на Република Македонија и нејзините граѓани, туку и во однос на меѓународното промовирање на ваквата вистина. Со ова никако не би сакал да ги оправдам евентуално сторените воени злосторства доколку се сторени и од било кого, но Владата сепак мора да даде ефективен придонес во разбивање на обвинението кое што во неговиот поголем дел ја навредува државата, ја навредува Владата и нејзината легитимна борба за одржување на својата територија што не претставува ништо друго, туку уставна должност и обврска за постапување по таквата уставна должност.

На крајот при гласањето на овој закон би сакал да апелирам до сите пратеници да водат сметка за уставното начело за презумпција на невиност што значи сепак е од членовите на Владата дека никој не е виновен додека тоа не се докаже со правосилна судска одлука. Владата со своето работење во однос на територијалната област како да сака да го докаже токму спротивното. Начинот на кој што обвинетите беа предадени без донесена правна процедура како и летаргичниот однос кон обвинетите кога веќе граѓани на оваа држава се наоѓаат во притвор во Хашкиот трибунал, како да ни зборува за намерата за предвремено прогласување на нашите сограѓани за виновни.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитуваниот Китаноски своето обраќање го започна со мала забелешка на мојот став кој пред него го искажав и тоа воопшто не треба нему да му биде проблем, затоа што тоа е мој став, не е негов. Но, веќе кога господинот Китаноски изразува жалење за мене, јас сакам да му обрнам внимание на следново. Почитуван колега, и јас и вие бевме дел од владината администрација кога претседател на Владата на Република Македонија беше господинот Љубчо Георгиевски. Но, меѓу вас и мене има една разлика. За мене и тогаш и сега тоа претставуваше чест и обврска и јас и тогаш и сега стојам зад сите лоши и добри одлуки кои биле производ на работата на таа Влада. За жал, вие по потреба го вадите од џеб само она што мислите дека е добро, а за останатото се однесувате како да сте биле на службено патување безмалку четири години. Значи, бидете до крај храбри и застанете еднаш на една позиција за да може да се дефинирате во однос на останатите политички субјекти, затоа што вашето однесување секојдневно ме збунува. Незнам дали сте повеќе со левицата,дали сте повеќе партија на центарот, или воопшто дали сте нешто повеќе освен, ДООЛ- Груевски и останати.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китаноски една минута.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, мислам дека и 15 секунди се доволни. Само ќе ја повторам констатацијата за ценетиот колега навистина жално и немам што да коментирам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ ,три минути реплика.

**Зоран Томиќ**: Многу кратко претседателе. Кога еден од предлагачите госпоѓа Бонева, а после неа и Илија Србиноски го спомнаа зборот традиција, мислев дека станува збор за некое недоразбирање, или недоволно познавање на одредбите на Уставот на Република Македонија и на правните правила. Меѓутоа кога тоа го кажа и третиот говорник од редот на предлагачите, навистина мора да се осврнеме на една работа. Нашиот Уставо во членот 2 став 2 предвидува државјанин на Република Македонија неможе да биде предложен на друга држава во согласност со договор, конвенција, или согласно национално законодавство. Меѓутоа, во примерот кој се споменува овде веќе од третиот предлагач, се работи за испорачување, за предавање на лицето од државата на Меѓународниот суд, Тоа се две многу битни работи и сите кои се разбираат во правото знаат што значи тоа. Тоа е една работа.

Втора работа, толку пофалби за овој предлог на закон и јас неслучајно кажав во својот говор принципиелно дека требаше навистина да бидат вклучени многу поголем број на експерти за да се изработи еден квалитетен закон. Господинот Китаноски кажа дека е овој извонреден закон компаративно со другите држави итн. Господине Китаноски, можно ли е вие во првиот член, токму во првиот член под став 2 вие предлагате и дефинирате што е тоа меѓународен кривичен суд во Хаг.И верувате ли дека оваа одредба е навистина квалитетна и добро е да им го испратиме на стручнаците во Хаг, да им кажеме дека Собранието на Република Македонија дефинира еден меѓународно кривичен правен суд. Затоа ве молам, мојата забелешка да се земе во предвид. Овој закон навистина треба внимателно да се разгледа и потоа да биде поднесен на разгледување и усвојување пред овој Парламент.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, една минута .

**Илија Китаноски:** Јас навистина не успеав да разберам во што е забелешката. Меѓутоа колку што разбрав, тоа сепак се однесува можеби за терминологија, или така нешто, колку што успеав да го сфатам господинот Томиќ. Меѓутоа, за суштинските работи што ги регулира овој закон не слушнав ниту забелешка, ниту реплика, освен дека се согласува и тој со тоа, со забелешка дека би требало да оди во две фази, што го сметам како негова подршка за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам што е можно пократок. Во има на вистината, ако постои вистина сметам дека ова што денеска ќе го изложам е мое видување на работите, затоа што

на некој начин бев во тек со многу од настаните во тој конфликтен период во Република Македонија , а и после тоа. Полноважно можам да говорам за судбината, барем за едниот кој се наоѓа во Хаг, Љубе Бошковски. И нема да ми земете за зло, ако некогаш излезам од контекст, затоа што има некои работи кои имаат допирни точки.

**Љупчо Јордановски:** Јас незнам дали некој ќе ви земе за зло, но јас ќе ве прекинам. Зборувајте за законот.

**Александар Флоровски:** Јас ќе зборувам за законот претседателе, но законот е тесно поврзан со настаните. И според тоа предлагачот го предлага овој закон денеска.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте за законот што не чини, што чини, што мислите дека треба да се поправи, или да се отфрли, на крајот на краиштата, дали сте за, или против. Се друго ќе прекинам.

**Александар Флоровски:** Некој може со полно право да го брани законот, некој апсолутно нема право на тоа, затоа што законот впрочем и го носиме за двајцата бранители кои се во Хаг. Некои беа тука, некои за жал не беа присутни во државата во тие тешки моменти на македонскиот опстој. Затоа сметам дека имам полно право да говорам и за законот и за одредени настани. За жал и јас сум еден од повиканите, во април минатата година и држен четири часа на разговор во Хашкиот трибунал . Лично испитуван од бившиот јавен обвинител на Република Финска Матијал Каинен и можам полноважно да говорам и за законот и за личностите и за настаните. За жал, некој мора да оди како колатерална штета од оваа македонска држава. Овој закон колку ќе помогне во таа насока, незнам. Но, мојот став и моето размислување е следно, дека мора да постои консензус, ако не повеќе македонски консензус овие двајца луѓе да се пуштат на слобода и да се бранат од слобода. Иако можеби кај некого не постои волја, сега говорам општо, глобално на ниво на Република Македонија и припадниците на малцинствата. Но, верувам дека ние како Македонци ќе најдеме сила, ќе смогнеме сила, а верувам дека и Владата има добра волја барем во првите моменти декларативно се изјасни дека ќе даде гаранции за двајцата кои се наоѓаат во затворите во Шевенинген. Морам да го поздравам тој гест, колку е вистинит ќе каже времето, дали е фингиран исто така времето ќе каже. Но, првиот момент ни говори дека постојат реални шанси македонската држава и македонската Влада да даде гаранции за овие двајца личности. Значи овој закон го гледав како општ консензус доколку е валиден, а веќе престана важењето со 31.12.2004 година, колку е валиден и колку држи вода во овој момент да се носи. Значи сеуште не се изјаснувам дали ќе бидам за, или против.

Што се однесува до Хашкиот трибунал, една чудна институција која лично ја осетив барем од претставниците каде што бев повикан, во тие четири часа разговор, 20 пати бев прашан за Љубе Бошковски и 20-тина пати за Јохан Тарчуловски и за нивната улога, бев повикан како пратеник од изборната единица Чаир. Во тој контекст јавно ќе кажам една работа, дека Љубе Бошковски не е наредбодател на акцијата во село Љуботен. Наредбата е лично потпишана од покојниот претседател Борис Трајковски, тоа веќе е и објавено и не е никаква тајна.

Можеби единствената несреќа е што господинот Љубе Бошковски многу сакаше да шета со камери. Неговата улога во Љуботенските настани е појавата во една македонска куќа ништо повеќе, ништо помалку.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски

**Александар Флоровски:** За законот.

**Љупчо Јордановски:** Ако веќе водите судска национална расправа, тогаш овде треба некој да биде и обвинител, мислам дека Парламентот не е тоа. За законот ве молам.

**Александар Флоровски:** Претседателе ова е толку суптилна материја што . . .

**Љупчо Јордановски:** Можеме и за тоа да отвориме расправа под информација, сега имаме закон, ве молам за законот.

**Александар Флоровски: Л**ично сум и во дилема, да ви кажам што да говорам, притоа да не згрешам, што да кажам. . .

**Љупчо Јордановски:** Јас би ве замолил . . . .

**Александар Флоровски:** Што да кажам притоа да не навредам некого и мислам дека тоа треба да го почитувате. Сите овде имаме општа елементарна култура. И предходно кажав ако некогаш излезам од темата нека не ми се земе за зло, затоа што сметам дека ова што денеска го говориме е многубитна работа. И да не биде енигма сето она што ќе се случува последователно и во државата и надвор од државата конкретно со овие два случаи. Човекот кој е во Хаг Љубе Бошковски беше министер за внатрешни работи, го бранеше уставниот интегритет на Република Македонија, постапуваше според Уставот и она што значат закони и позитивни законски норми во оваа држава, но можеби судбината за жал на малите народи е така како што нас ни се случува.

Колку притоа, колку овој закон што е предложен, ќе им помогне на овие двајца луѓе не би можел да давам коментари затоа и претходно нели она што значеше моја реплика очекував некој од Министерство за правда да излезе да каже да не упати, да не насочи дали ова држи вода или не држи вода. Некој говореше дека државата треба да помогне со документи. Во контекст на законот. Документите господа постојат, документите се тука, документите се во Владата на Република Македонија, документите се во МВР. И документот кај што стои потписот на наредбодателот на акцијата во Љуботен исто така постои и тоа е валидна материја кој може да ја провери и е проверена. И притоа можам да кажам дека благодарејќи на еден функционер од СДСМ

тој документ стигна и до рацете на господинот Бошковски, во периодот 2003 година.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, вака да ви предложам. Овие информации што ги имате еве јас ќе ви овозможам конференција за печат во Собранието. . .

**Александар Флоровски:** Не треба. Не треба, благодарам претседателе,

**Љупчо Јордановски:** Сега ве молам по законот, бидејќи следниот пат ќе ве прекинам.

**Александар Флоровски:** Добро, благодарам, за вашата грижа, не сакам да ми свикувате прес-конференција, ако сакам сам ќе си свикам. Но сметам дека тоа не треба да го направам. Затоа што говорницата е таа кај што пратеникот ќе говори, ќе го искаже сопственото мислење по одредена точка, како што е предложен и законот за соработка со Хашкиот трибунал. Ако сакате да ме прекинете тоа не ќе биде ваша волја, јас на тоа не сакам да ви се спротивставам, ова сето што го говорам е да се има сознание дали овој закон треба да се поддржи или дали овој закон не треба да се поддржи. Ако вие не ограничувате конкретно да говориме само за оваа работа, тешко дека некој ќе разбере од тука дали треба да се даде поддршка или не. Затоа од време навреме можеби излегувам од контекст,а вие по втор пат ми давате опомена или жолт картон. Ако сакате ќе седнам, не мора да слушате, а сметам дека ова што ќе го кажам е битна работа. Битна работа и за насоките. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, јас не ви земам збор. Деловникот е таков. Ако сакате таа тема да ја отвориме нема проблем. . . итн.,

**Александар Флоровски:** И за насоките, кои ние како пратеници можеме да ги дадеме кон Владата, за да утре може подобро да се залага за двајцата обвинети кои се наоѓаат во Шевенинген. Мојата дискусија е само во тој правец. Ниту е злонамерна, ниту е бессрамна, едноставно едно мое човечко и пратеничко видување и во врска со законот испреплетено со некои настани за попластично претставување што значи овој закон, дали треба да помине, дали треба да се поддржи и дали треба да се отфрли. Мислам дека вие како претседател треба да ни дадете малку право некогаш и да излеземе, не можете да не ограничите во една тесна рамка, да ни ставите ам, и, да говориме конкретно. Ова е правна материја, сите ние овде не сме правници, и, не можеме да даваме правни толкувања за работи кои не ги познаваме. Затоа и побарав, има човек кој ќе може да ни каже сопствени видувања, претставник на Владата, колку оваа работа може да помине, има ли потреба, нема ли потреба. Се во интерес на она што значи заложба на Влада и гаранции на 2 луѓе кои се наоѓаат денеска во Шевенинген. Значи, мојата дискусија е само во тој правец.

Ако сметате дека со мојот говор и со моите мали излети надвор од она што значи оквири треба да завршам и да седнам. Јас ќе седнам и немам намера да се расправам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ви благодарам, смета.

**Александар Флоровски:** Не ве слушнав, дали смеам да продолжам.

**Љупчо Јордановски:** Не, вие рековте ако смеете да заседнете, јас реков смета. Ако не дикскутирате по законот.

**Александар Флоровски:** По законот, се ова е по законот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски не смееме сега оваа сала и оваа седница, судница и сега ќе браниме некого и да напаѓаме некој.

Имате закон и ве молам дискутирајте по законот. Дали некој член може да се подобри во смисла на тоа што сакате да го кажете.

**Александар Флоровски:** Претседателе некогаш вашите коментари се во ред, ги прифаќам да се создаде една позитивна клима. Некогаш сметам дека вашите коментари не се во контекст на она што значи позитивна клима и една демократска атмосфера во Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Сепак ова е Деловнички.

Повелете.

**Александар Флоровски:** Можеби сте во право, имате правник до вас, јас не сум правник, но прашање е колку е правникот во право. Ако соберете тројца правници ќе ви дадат 4 различни мислења. И таква работа постои. Барем тоа го научив во мојот Парламент. Од 5 правника имаме 10 различни мислења. Тоа е тоа. Значи, исто во врска со законот ако законот важи до 31.12.2004 година која е целисходноста на денешнава иницијатива. И, се прашувам, ако законот кој е предложен веќе не важи, што е поентата на денешниот закон и предложувањето овде пред македонскиот парламент. Ако се уште важи може и да го поддржам, можеби и не, но сепак бара едно стручно мислење од претставникот на Владата кој денеска не е тука.

За жал ќе морам да привршувам поради можните санкции кои можам да ги добијам, а тоа е да ми се одземе зборот, морам да кажам една недемократска практика која е ставена на хартија, за жал, во наше време, тогаш размислувавме поинаку, но животот е тркало, за жал. Но, тоа е тоа.

И, ќе завршам дека плачењето над судбината можеби е малку емотивно, можеби малку и патетички делува, во најтешките моменти на оваа држава, на Република Македонија, Љубе Бошковски застана на браникот, направи сето она што можеше да го направи, но за жал не беше сватен и во сопствените редови, тоа мора јавно да се каже, етикетиран со најлошите можни квалификации. За жал, сите ние како луѓе имаме нешто злобно во себе, нешто нечесно, нешто расипано без разлика на националната припадност, но Љубе Бошкоски беше секогаш искрен, беше патриот, беше македонец и

заклетвата која ја даде овде пред икс, икс години, пред конфликтот и за време на конфликтот одговори на она што значи уставни обврски и заклетва дадена пред македонскиот народ.

Да не се навраќам претседателе, на назад, имам многу да говорам работи кои лично ме погодуваат затоа што бев близок пријател со Љубе Бошковски и со неговата фамилија. Во репликата го кажав она што го кажав, не сакам да говорам за опструкциите кои му се правени и за време на претседателските избори, ова една мала дигресија во склоп на сето она што значи закон. Ако е искрено понуден, ако оваа работа која е напишана овде на 10-тина страни и се вика закон за соработка со меѓународниот кривичен суд во Хаг, искрен, има искрени намери или е лицемерие. Многу луѓе го плукаа, многу луѓе не го разбраа, не го разбраа како човек, не го разбраа како патриот.

И, ќе се вратам повторно со она што почнав, некои имаа овде морално право овде да говори и да коментира и за закон и за настани, некој апсолутно нема никакво право да говори за настани кои што се случуваа 2001 година. А, денеска ни се нуди еден закон за кој не слушнав мислење, а верувам во луѓето од струката иако се правници, и оној претходен мој коментар од 5 правника ќе има 10 мислења претпоставувам дека доколку имаше некој овде, не се однесува тоа на сите правници, има исклучоци, да не ме сватите погрешно има исклучоци и секоја чест на тие исклучоци.

(Реакција на некои во салата)

Не сакам да именувам да не навредам некого. Значи, како може да помогнеме во контекст на овој закон. Моето лично видување е кратко и едноставно, денешнава Влада, денешнава коалиција, олицетворена во ликот на СДСМ, на ЛДП, на ДУИ, нормално доколку постои добра желба кај ДУИ да застанат зад изјавата на Бучковски како премиер, која ја поздравувам, според мене, една машка изјава дека државата ќе застане. (Реакција на некои од пратениците)

Да, да. ќе го пофалам затоа што машки излезе и кажа дека државата ќе застане и ќе биде гарант на 2 луѓе кои се затворени горе, а тие се македонци, други нема затворени горе. И, таа изјава ја поздравувам и ќе застанам зад таа изјава, луѓето да се бранат од слобода. Што е тоа страшно, ако човек од ВМРО го пофали и премиерот од СДСМ. Што е тоа чудно и што е тоа лошо. Велам, овде некој се смее цинично, да не кажам. Па тоа е една позитивна работа. Тоа е градење кон демократијата, демократијата како таква треба да се сфати.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, господине Флоровски, мислам дека треба да привршувате.

**Александар Флоровски:** Претседателе времето не го узурпирав.

**Љупчо Јордановски:** 25 минути.

**Александар Флоровски:** Па, добро, можам да говорам и два ипол саати, толку ми е рекордот овде, во некои минати времиња. Но, вие сте прагматичен, сакате да дадете и на друг збор. Еве, претпоставувам ќе има и реплики, мислам ќе имам право на реплика.

**Љупчо Јордановски:** На контра реплика.

**Александар Флоровски:** Контра реплика, така вели деловникот, така вели правникот т.е. секретарот, секретарката, се извинувам.

Тука завршувам. Ако сакате искрено да помогнете на Љубе Бошковски, имавте можност, имавте начин, имавте модуз вивенди, за жал многу луѓе од неговата партија, од мојата партија му правеа опструкции и му фрлаа клипови во точаците. За жал таа е вистината и сега да говориме за загрижност, знаете како ми делува, незнам, да имам пред себе огледало дали би се погледнал при една ваква работа, а цело време да се руши неговиот дигнитет и да се омаловажува, пред се, од човечки аспект не е човечно.

Благодарам претседателе и се извинувам ако некогаш излегов од она што значи точка на дневен ред.

**Љупчо Јордановски** Благодарам, само со извинување не се решаваат работите.Во иднина..

**Александар Флоровски:** Па, добро, елементарна култура е ако сум згрешил да ви се извинам и тоа прифатете го како искрено извинување, тука значи не лицемерно извинување.

**Љупчо Јордановски:** Само имам два коментари. Еден коментр е во врска со вашето размислување за демократијата како што рековте, 5 правника 10 мислења и за демократија има 10 мислења, можеби и повеќе што е демократија.

Второ, ме чуди една работа зборувате за господинот Бошковски во минато време. Тоа навистина ме чуди. Неколку пати. (Реакција на пратеникот Флоровски од место). Не вие зборувавте во минато време, затоа малку ми беше чудно. Беше патриот, беше ова, претпоставувам дека сеуште е патриот.

(Реакција на пратеникот Флоровски) Ама вие зборувавте така, јас не зборував.

Господине Караџоски имате реплика. (Не).

Затоа што се јавивте кога зборуваше. Значи вие збор имате.

Господине Рафис Алити, три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе,

Навистина за чудење како еден пратеник на ВМРО, намерно не велам ДПМНЕ или Народна бидејќи незнам на која група му припаѓа, рече добри зборови за премиерот Бучковски, за неговата изјава и би било добро доколку навистина тоа го вели со целосна убеденост, значи да застане зад парламентарната група на СДСМ доколку го прифатат колегите и нивната група.

Додека во однос на другиот дел каде што вели дека се судат двајца македонци би било добро, господинот Флоровски да предложи еден закон во Хашкиот суд дека таму не можат да се судат личности со македонско етничко потекло. И, тогаш, сигурно дека независно од делата кој што направил нема да навлезам во тоа, бидејќи судот ќе го каже последниот збор, но лошото е во тоа дека оваа логика на судење долго време се наложува на македонската јавност, едно треба да разликкуваме. Во републикава треба да има една реалност, треба да се казнат виновниците а не кој на која етничка припадност му припаѓа. Доколу поаѓаме од таа логика што ја промовира господинот Флоровски и другите ќе дојдеме до турската изрека Кадија ти суди, кадија те пресудува. Мислам дека нема да придонесеме ниту на правдата со ова, ниту на политичкиот амбиент кој треба да го изградиме во иднина.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислев изреката ќе ја кажете на турски јазик и нема да ја разбереме, бидејќи немаме преведувач од турски.

Контра реплика за господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас ќе ви кажам една друга изрека: announcement еписибир.

Каде Флоровски припаѓа нека остане енигма. Флоровски и вмровец и по корен, и по чувства, и по се и не можам да се променам. Тој сум, таков сум се родил и таков ќе умрам.

Подршката на Бучковски, јавно кажаниот збор, значи јавно кажан збор издеклариран пред целата македонска јавност, значи подршката е искрена во она што се однесува на тоа дека Владата ќе застане и ќе даде гаранција за двајцата македонци кои се во Шевенинген. Тие се македонци, од етничко македонско потекло и говорам за нив. Тие се двајца македонци од Република Македонија, други не гледам дека затворени таму. Или можеби постои желба уште 20 македонци да одат таму.

Говоревте за некоја логика, па да ви кажам искрено во вашиот говор апсолутно никаква логика не видов и не знам што ве потикна или што во поткрена да дадете реплика на сета оваа работа. Мене воопшто не ми е јасно. Со ниту еден збор јас не сум ве навредил, ниту сум ве спомнал, ниту бевте предмет на моја опсервација, затоа што сметам дека не треба да сте предмет на моја опсервација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Хусеинџевад Хусеини, повелете.

**Хусеинџевад Хусеини:** Ќе реплицирам на делот каде што спомена дека ќе се навредат или ќе се најдат повредени малцинствата, сакам да го потсетам дека Македонија е дефинирана како држава на заедници каде што нема малцински ниту мнозински народ. Тоа е едно.

Второ, по мое длабоко уверување, за време на кризата не беше нападната Македонија, туку беше нападнат Уставот на Македонија. Господинот Љубе Бошковски беше во одбрана на тој Устав, го бранеше, но не го одбрани, бидејќи Уставот претрпе промени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Хусеинџевад има многу интересни реплики. Размислувајте и ве молам повелете господине Флоровски, една минута контра реплика.

**Александар Флоровски:** Господине, не ви го знам името, не памтам многу имиња, државата се дефинира со пишани акти и документи. Највисок акт во секоја нормална држава е Уставот. Нападот на Уставот како што вие велите или давате квалификација ако ја даваvте, во едно просто размислување значи атак на државата Македонија. Тука да немате дилеми. Беше нападната Република Македонија со сите можни сили и средства и се случи она што се случи.

Инаку, сакам да ви се извинам. Точно, не постојат малцинства, но постои една друга работа. Македонците сеуште се мнозинство во оваа Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Флоровски, ако сакате искрено и вистински да помогнете на обвинетите да ги добијат гаранциите од Владата да се бранат од слободат и да се обезбеди подршка на семејствата, а во исто време и пристап до информациите, нема да правите опструкции туку од се срце ќе го подржите донесувањето на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас лично не сакам на дами да реплицирам од едноставна и позната причина. Не е умесно и не е добро. Дали ќе гласам или не, ќе може да го видите листингот после и видете, моите добри или лоши намери, гаранциите кои можеме да ви ги дадеме, гаранциите - можеби и оној вмровски збор кој секогаш сум го почитувал, а претпоставувам дека и многу од нас така размислуваат, впрочем, сите од оваа страна сме вмроовци. Ако има исклучоци, можеби може и таква работа да постои.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мешков, имате збор, а потоа на ред е господинот Никола Груевски.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски).

**Љупчо Мешков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Јас ќе зборувам токму онака како што претседателот милува да каже јасно, концизно и во таа насока нема многу да должам и да оценам време да другите колеги. Меѓутоа, ќе зборувам пред се како правник, значи во улога на предлагач на законот, неоптоварен од никакви партиски

фрустрации, значи ќе сакам да објаснам со неколку реченици што е она што ја сум потпишан и го предлагам заедно со предлагачите овој закон, се разбира, од правен аспект.

Меѓутоа, пред тоа морам да кажам дека некои колеги малку забегаа во својата расправа, па нивните партиски фрустрации може да значат дека во овој Парламент пратениците не можат да го користат своето уставно загарантирано право да предлагаат закони како што е сега овој случај или да си припишуваат ексклузивно право само некои од нив да можат тоа да го прават, во зависност од тоа дали им се допаѓа или не им се допаѓа законот. Секој може да си го каже своето мислење, својот став, да делува со амандмани и се разбира во таа насока да го подобрува квалитетот на предложениот закон. Како што некој од колегите рече дека не е квалитетен, тој имал време и можел квалитетно да работи да го подобри овој закон.

Во дискусијата по овој предложен закон, за моја жал, не го слушнав ставот и мислењето на парламентарното мнозинство, но затоа го слушнавме мислењето на "озицијата на опозицијата" што се разбира носи еден нов квалитет во иднина во работата на овој Парламент во расправите и во донесувањето на законите.

Овој закон многу велат дека е постфестум закон. Јас не се согласувам со тоа затоа што постфестум не можат да бидат одредбите кои регулираат јавност на информациите, како се доаѓа до информациите, одредбите кои што регулираат што ќе стане со семејствата на тие за кои се водат постапки и евентуално ако завршат, за жал, неповолно таквите исходи, што со материјалното обезбедување на нивните семејства, што со евентуалното издржување на казната овде во сопствената земја, начинот на постапувањето на државните органи, на Владата во ваквите ситуации. Ако некој се залага за волунтаризам во целата таа работа, одредена влада, која како дојде да си постапува во рамктие на тоа кој како сака, тоа е друго, меѓутоа, ние зборуваме за правна држава, зборуваме за хармонизација на нашето законодавство со европското и токму во таа насока треба да се гледа и овој закон. Вие знаете дека државите имаат обврска да соработуваат со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, во таа насока и Република Македонија треба тоа да го прави, но ние предлагаме тоа да се прави врз основа на закон, зошто само на тој начин ќе ја пополниме правната празнина што постои во нашето законодавство токму по ова прашање, а истовремено ќе се придружиме на сите други земји кои преку својата регулатива сакаат хармонизација со европското законодавство.

Значи овој закон содржи одредби за постапување. Овој закон не е само за поведување кривични постапки кои завршуваат на 31.12.2004 година, но овој закон регулира состојби и после тоа, односно ситуации кои мора да бидат регулирани со закон.

Овде сега ми се поставува прашањето кој би бил интересот евентуално да не донесеме ваков закон и би било добро за сите оние што мислат дека не треба ваков закон да биде донесен, да дадат обрзложение и да кажат што е политичкиот или било кој друг интерес еден ваков закон да не биде донесен. Апсолутно сметам поради причините кои ги кажав дека донесувањето на овој закон е нужно и пред се заради актуелната состојба и заради состојбите што потоа ќе бидат предизвикани по завршувањето на постапката која се води пред Меѓународниот кривичен суд.

Притоа, сакам да кажам дека овде личности и имиња не се спомнуваат, јас исто би се однесувал за секој граѓанин на Република Македонија, без оглед дали се вика Љубе Бошковски или се вика Петар Петровски или се вика Исмаили или незнам како. Значи,ние зборуваме за државјани на Република Македонија, а друго е што некои дискусии се свртија во сосема погрешна насока.

Значи интенција на овој закон е да не даваме можност за волонтаристички постапувања во ваквите случаи, туку македонското законодавство токму како што направија и други држави да има еден ваков закон по кој не само оваа туку било која друга влада ќе се владее и ќе ги почитува таквите одредби затоа што се тие во интерес не само на законодавството туку и на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

За реплика се јави госпоѓа Марија Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам.

Јас како правник сакам да му укажам на колегата Мешков две работи.

Прво, почитуван колега Мешков, Хашкиот трибунал работи врз основа на Статут, Хашкиот трибунал е основан со Резолуција на Советот за безбедност, значи Хашкиот трибунал не работи врз основа на закон и донесувањето на овој закон со кој барате да се утврди соработката меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд во Хаг за поранешна Југославија, не значи хармонизирање на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, затоа што ова што го предлагате е закон, а Хашкиот трибунал работи врз основа на Статут. Тоа е едната работа.

И вториот дел, вие велите дека не сакате да зборувате за личности, меѓутоа, едно мора да се разбереме. Овој закон за соработка на Република Македонија со Меѓународниот кривичен суд во Хаг се однесува исклучиво на две лица, Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски. Согласно Статутот на Хаќкиот трибунал сите обвиненија кои се подигнати до 31.12.2004 година се обвиненија по кои може и понатаму да постапува Хашкиот трибунал. Во случајот на Република Македонија тоа се исклучиво двајцата, ќе повторам, господинот Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски. Значи законот се однесува за овие две лица, така

што имиња сакале или не сакале мора да спомнуваме.

Благодара,

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Господине Мешков, имате една минута контра реплика.

**Љупчо Мешков:** Прво, јас реков дек аод правен аспект законот содржи исто така одредби кои укажуваат на начинот на постапувањето на Владата и другите државни органи во вакви ситуации, значи нормативно регулирање на постапката.

Второ, што сакам да кажам, ако се однесува на нив дали има нешто лошо во тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Има збор пратеникот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван претседавач на Собранието, почитувани пратеници,

Во оваа прилика би замолил да ги надминеме партиските димензии. Се работи за луѓе кои се наоѓаат затворени во Хаг и обвинети за дејства кои што ги направиле додека биле на службен мандат, за време на војната во 2001 година, на позиција од која ја бранеле државата Република Македонија и сега се наоѓаат во една ситуација во каква се наоѓаат и најмалата работа што можеме да ја направиме за нив за нивните семејства, кои се во исклучително тешка ситуација е да го прифатиме овој закон и да ги надминеме тука партиските разлики кој е повеќе за ова, кој дал повеќе за она или нешто слично. Значи не се работи за тоа дали се работи за луѓе од ВМРО-ДПМНЕ или од СДСМ или од ВМРО-Народна или од ЛДП, се работи за тоа дека имаме двајца македонски државјани кои што се обвинети за период кога ја бранеа државата Република Македонија. Секоја држава која што имаше ваков проблем во изминатиот период како што е Хрватска, Србија и Црна Гора, Босна и т.н., сите тие направија закон со кој ги утврдија причините како државата да соработува, на некој начин да помогне во процесот против обвинетите, да бидат ослободени и да има помогнат на нивните семејства.

Јас ќе ви кажам дека пред малку дојдов од средба со сопругата на господинот Тарчуловски и она што Владата го вети и господинот Бучковски уште пред три месеци дека стојат зад нив, ќе им помогнат, па донесоа и некаква Одлука на Владата дека финансиски ќе им се помогне, секој месец ќе се помага и т.н., до сега нема апсолутно ништо. Значи како по обичај нашата Влада работи на принципот - едно зборува, друго работи. Важно е во дадениот политички момент, тогаш беа локални избори во тој период, да се излезе пред јавноста, да се каже ние сме тука, ќе им помогнеме на семејствата ќе им помогнеме да се извади документација од архивите. Еве, ќе ви кажам ниту документација е извадена од архивите, ниту на било кој начин од она што е ветено со Одлука на Влада е помогнато до сега на семејството, конкретно на Тарчуловски, а мислам дека е нешто слично и со господинот Љубе Бошковски и неговото семејство се наоѓа во една непријатна ситуација. Пред неполн месец имав средба со неговата сопруга и тие се во ситуација во која навистина нема кој да им помогне, или се снаоѓаат на начин кој што можеби не е институционален, не можеме да сметаме дека помошта од поединци или приватни институции или политички партии е помош со која треба да се заврши. Државата е таа како во Србија и Црна Гора, како во Хрватска, како во други држави кои се под ингеренција на Хаг, која помага и токму затоа е овој закон, да ја обврзе Владата да дава одредена месечна помош на фамилијата, да помогне во сите други работи во кои треба да помогне додека трае процесот, додека обвинетите не ја покажат и не ја докажат нивната невиност и да се вратат во своите семејства.

Исто така, со овој закон се обврзува Владата да даде гаранција за тие да се бранат од слобода. Ние слушнавме пред неколку дена имало некоја владина одлука, па таа уште е стигната во Хаг, па не е стигната, па се чека на потпис и не знам што. Со овој закон децидно се наложува на Владата во одреден период да мора да ја даде таа гаранција, да ја достави до Хашкиот трибунал, да им помогне на семејствата, да им дава редовна месечна помош, да им дава помош за авионски билети и слично кога треба да се отпатува таму и сите други сервиси што треба да ги даде Владата за овие лица кои ги жртвуваа своите животи за време на војната во 2001 година во правец на одбрана на државата, да им се помогне максимално да ја докажат својата невиност.

Исто така, тука е уредена и соработката како да се третираат луѓе кои се обвинети. Јас ќе ви кажам дека господинот Јохан Тарчуловски на многу груп и свиреп начин беше уапсен, беше уапсен пред неговиот дом, во тренерки, однесен во притвор со вреќа на глава, потоа беше во тренерки однесен ов Хаг. Можам да ви кажам дека таму се чуделе како е можно да им испорачаат некој на кој не му дозволиле ниту од дома да му донесат гардероба, барем пристојно да се облече и да излезе на судење, а не да биде во ситуација да позајмува одела од други луѓе кои таму се обвинети и се наоѓаат во затворот. Значи едно такво однесување на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за правда е за осуда и токму со овој закон тоа веќе нема да може да се прави во било која варијанта.

Навистина, законот е една нормална работа што требаШе Владата да ја донесе. Мене ме чуди зоштоовој закон речиси месец ипол, два чека да дојде на дневен ред, иако ние како партија побаравме да добие приоритет, да добие итност, за да може побрзо да се заврши и побрзо да се реализираат некои аспекти што се внесени во законот. Меѓутоа, еден крајно игнорантски однос

од страна на Владата, би рекол и на Парламентот.

Јас уште еднаш ќе ви кажам, не се работи дали луѓето што се обвинети се од оваа или од онаа партија, тие се граѓани на Република Македонија, тие во тој период се бореа за интересите на Република Македонија за одбрана на државата. Тие се сигурни дека ќе ја докажат својата невиност, ние само треба да им помогнеме во тоа. Не треба да се расправаме и да се караме тука која партија го дала законот, дали таа има право или нема право или дали сме власт или опозиција, или дали сме Македонци или не сме Македонци. Сите сме тука граѓани на Македонија, сите треба да им помогнеме на граѓаните на Македонија кои во тој момент се бореа за државните интереси. Се наоѓаа на служба, се наоѓаа на државна должност и од таа позиција тие се обвинети. Наше е со овој закон колку - толку, ние не можеме целосно да помогнеме, меѓутоа, можеме да го направиме тоа барем што го направија другите држави кои беа во слична ситуација како Хрватска, како Србија и Црна Гора, како Босна, тоа е тој минимум што треба без долга расправа, без препукување, без расправија да го донесеме и да размислиме што е тоа што понатаму можеме да им помогнеме, а не да се караме дали ова треба или не треба. Сите сме свесни, дека ова не прави штета, сите сме свесни дека сите овие држави имаат раков закон досега, дека само Македонија нема. Зошто Владата на време не го донесе е одговорност на Владата, ние пред два месеци го доставивме во Парламентот, дали било рано или доцна е друга работа, меѓутоа, во овој момент законот е на маса и ве молам во пократка постапка да се усвои.

Законот е работен од врвни експерти по право, работен е од поранешен заменик министер за правда, работен е од поранешен член на Републичкиот судски совет, работен е од група на адвокати кои се специјалисти во оваа област, работен е од други истакнати правници консултиран е Уставот на Република Македонија, консултирани се другите закони од Хрватска, Србија и Црна Гора, од други држави, консултиран е Статутот на Хашкиот трибунал и ве молам немојте да барате тука дека фали некоја реченица, некој збор итн. Дури и да е така и да фали нешто, да не е целосно до крај како што треба, Владата може со амандман тоа да го подобри и да се најде решение. Важно е денеска во овој Парламент тој закон да се усвои. Владата да добие задолжение да им помага на фамилиите месечно, редовно, како што е напишано и како што е редот, а не да чекаат на милост кога на господинот Бучковски ќе му текне да излезе пред камерите и да се пофали дека ќе им помогне, а кога ќе им ја пушти таа транша. Еве поминаа три месеци до денеска траншата ниту првата ниту втората транша не е добиена.

Затоа, да не се потпираме на одлуки на влади, да не се потпираме на волјата на некои политичари, јас не велам дека Бучковски можеби намерно го направил тоа и тој има илјада други обврски, можеби заборавил, можеби службите заборавиле, меѓутоа, ако има законска обврска тоа е веќе задача за целата администрација и целата администрација може да се најде под законска осуда.

Затоа ве молам, почитувани пратеници, надминете ги партиските разлики, се работи со нешто што е над тоа, се работи за луѓе што ја бранеа државата во тој период по службена должност и минимум што можеме сега да направиме е токму ова.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Госпоѓо Којзеклиска, вие за реплика?

Господине Јашари, за реплика?

Господине Арифи, за реплика?

Пред да ви дадам за реплика сакам само едно господине Груевски, со оглед на тоа што зборувајќи кога бил поставен законот на дневен ред, сакам само заради јавноста и заради пратениците.

Нам законот ни е доставен на 11 април 2005 година. Според она што предлагачите кои се овде потпишани го имаат предложено бараат законот да биде во редовна процедура. Тој е поставен на првата седница кога е закажана седницата. Ако вие сте побарале по итна постапка или дополнување на веќе закажаната седница, тогаш ние ќе го поставевме.

Ова само за да ви укажам дека од страна на претседателот кој ја закажува седницата воопшто нема никаква процедурална ниту оспорување, ниту оневозможување на точката на дневен ред, напротив, постапено е најделовнички онака како што вие сте предложиле.

Ова само за појаснување.

Повелете господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за можноста да ви реплицирам.

Значи, при поднесувањето на законот ние и на прес конференција замоливме до претседателот на Собранието да го стави порано колку што е можно на дневен ред. Дали тоа ќе биде на првата наредна и дали ќе биде точка број 29 или ќе биде прва точка или првата наредна ќе биде тогаш или порано, тоа одлучува претседателот на Собранието. Меѓутоа, повторно ќе кажам да не се расправаме за тие работи, најмалку е она што можеме да го донесеме во една побрза процедура денеска.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Груевски јас не знам што вие сте рекле на прес конференција, ние работиме онака како што ни имате предложено. Ни имате предложена на првата наредна седница и законот е ставен на првата наредна седница. Ние тоа сме го исполниле децидно како што е во Деловникот.

Има збор Марија Којзеклиска, повелете три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, јас ќе реплицирам во делот на онаа загриженост која ја искажува господинот Груевски и да се надминат партиските недоразбирања, фрустрациите во делот на изгласување на законот.

Би сакала да ве прашам господине Груевски дали вие разговаравте со парламентарното мнозинство со ВМРО-Народна партија, дали го поднесовте како Предлог на закон во иницијална фаза за да го разгледаме сите и навистина да успееме да постигнеме консензус и овој закон да биде изгласан од страна на Собранието на Република Македонија и да ги постигне сите тие ефекти кои вие досега ги кажувавте.

Во однос на тоа дека останатите држави Србија, Хрватска го имаат донесено законот, би сакала само да ви укажам дека тие го донеле законот можеби 2000 година, можеби 2002, 2003 година, Владата не успеала да го донесе законот, меѓутоа, сега, според мое лично мислење, сметам дека е задоцнето донесувањето на законот токму од фактот што можноста за покренување на обвиненија на Хашкиот трибунал на граѓани на Република Македонија, македонски државјани, завршува со 31.12.2004 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Една минута контра реплика за господинот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата, само ќе одговорам дека законот не ги третира само начините, туку и начинот и обврските за поддршка на семејствата и воопшто да поддршка на целиот процес. Тоа е прво.

Второ, ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија тоа го доставија во Парламентот како што тоа го бара законот, правилата во Парламентот и не гледаме зошто треба претходно за една работа која е нормална во сите држави некој порано некој подоцна, кој како имал проблеми со Хашкиот трибунал, Хрватска имала проблем пред повеќе години порано го поднела, ние имаме сега проблем, сега го поднесуваме, чекавме еден период Владата да го направи тоа, бидејќи не го направи, ангажиравме стручни лица, седнавме со нив, го направивме, го доставивме до Парламентот и ниту претпоставувавме дека може да се случи дека некој во Парламентот ќе биде против овој закон, против негово усвојување, затоа што нема ништо лошо во тој закон. Во тој закон може само нешто да се помогне.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Има реплика господинот Аднан Јашари, повелете три минути.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Да ви кажам право јас, читајќи го овој Предлог, не најдов имиња и презимиња, меѓутоа, сепак, следејќи ја расправата и говорот на претседателот на еден политички субјект во Македонија кој јавно рече дека овој Предлог закон е во однос на двајца кои се обвинети за определени кривични дела и над се, следејќи го внимателно образложението зошто е предложен овој закон, меѓу другото господинот рече дека се говори за лица кои ја штителе, ја брaнеле Македонија.

Колку што сум информиран обвинението не е во однос на одбраната на Македонија, туку на убиството на деца, жени, старци и невини луѓе во селото Љуботен. Така господине не се брани Македонија.

Второ, еднаш говориш за Меѓународниот кривичен суд во Хаг, потоа говориш за Хашкиот трибунал итн.

Го информирам господинот дека има разлика меѓу овие две институции.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, пред се, еве секретарот укажува, тој е правник, молам да користиме термини кои се вистинити, таму никој не е осуден, туку е само покренато обвинение, основано сомнение, но и јас да не погрешам, не сум стручњак од таа област, па ќе ве молам како пратеници да внимаваме.

Една минута контра реплика за пратеникот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Благодорам за репликата, вие почитуван претседавач на денешната седница, впрочем добар дел од тоа што сакав да го кажам го кажавте, значи, дали тие го направиле тоа или не ќе се докаже во постапка, меѓутоа факт е дека се што правеле, правеле на службена должност во моменти кога ја бранеле државата. А, дали постапиле правилно или не, тоа ќе го докажат таму.

Не е добро да се отвораат такви моменти, да се нафрлаат јавни обвинувања затоа што во оваа реплика се почувствува едно јавно обвинување затоа што ако почнеме така да зборуваме ќе го отвориме и случајот Вејце каде се масакрирани многу Македонци, македонски војници на најсвиреп начин, недостоинствен начин за кој навистина немам зборови, Карпалак итн.

Ве молам да се воздржиме од тие работи затоа што се работи само за обвинение кое ние сите веруваме дека обвинетите ќе докажат дека не е така. Ние треба само елементарно да им помогнеме во тоа, без да ги гледаме различните интереси.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Еве јас постојано укажувам, но секој пратеник во својата дискусија јас не знам точно што во моментот ќе дискутира.

Има реплика пратеникот Јусуф Арифи.

**Јусуф Арифи:** Благодарам господине потпретседател.

Во текот на конфликтот од 2001 година имаше и претседател на држава, имаше и премиер, министер за внатрешни работи и министер за одбрана. Додека Хашкиот трибунал бил заинтересиран само за господинот Љубе Бошковски.

Исто така имаше и други раководители на специјалните воени или полициски единици, Хашкиот трубунал беше заинтересиран само за господинот Тарчуловски затоа што мислат дека тие ги прекршиле правилата на играта и нормално таму сеуште се суди, процесот сеуште не е завршен. Но, и покрај тоа се обвинуваат за убиство на цивили, на свои граѓани, државјани на Република Македонија. Поради тоа за ова не можете да зборувате како бранители на Република Македонија, бидејќи имало и други.

Значи, тие имаат податоци за овие случаи за кои говорам. За ова ќе се судат. Токму за ова го прашувам господинот Груевски да ни даде образложение зошто овие двајца се повикани.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Арифи.

Репликата воопшто не ја сваќам, бидејќи овде дискутираме за законот што е предложен, тоа е сосема друго прашање за што се судат, ќе си кажат надлежните органи кои се таму.

Сепак една минута контра реплика за господинот Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата. Јас нема да одговорам како што кажавте дека е наша надлежност да одговараме, само ќе кажам дека во овие години што изминаа во Хаг беа обвинети многу луѓе. Дел од нив се докажа дека згрешиле нешто и беа обвинети. Пресудата беше со обвинувања. Меѓутоа, многу од нив докажаа дека се невини и се ослободени. Нивните држави им помогнаа елементарно во тоа. Македонија треба да го направи истото, да им помогне на нашите двајца обвинети на најлесен можен начин и на најбрз можен начин да им помогне на нивните семејства исто така додека тие ја доживуваат оваа траума, да го премостат овој период и да ја докажат својата невиност, како што многумина досега што беа изнесени пред Хашкиот трибунал ја докажаа таа невиност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Следен за збор е пратеникот Жарко Караџоски, а потоа госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, еве денеска се отвора дискусија за можеби една чувствителна тема Предлогот за донесување закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со тоа што имавме прилика да слушнеме секакви дискусии еве и јас би сакал накратко да се вклучам во расправа по ова што ви се нуди.

Најпрвин, со оглед што законот ни се предлага во скратена постапка со Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон, неопходно е потребно пред се пред да пристапиме кон Предлогот на законот да се донесе заклучок со кој би се усвоил Предлогот за донесување на закон односно првата фаза, а тоа подразбира сите расправи и дискусии да ги водиме во правец на тоа дали има потреба од еден ваков закон или нема потреба и нормално доколку таа потреба ја прифатиме, да се оди кон текст.

Јас мора да кажам дека по однос на тоа дали има потреба од донесување на овој закон, неспорно можеме да констатираме дека ваков закон во Република Македонија, во правниот систем на Република Македонија не постои. И сега ако гледаме од тој аспект, сите лигички ќе заклучиме, со оглед дека нема ваков закон, потребно е да има. Ние сме од друга страна како држава љубители на се што немаме, да имаме и ние, но обично да не го применуваме.

Ако е тоа така, и ако е потребата од донесување на закон кој што го немаме во својот правен систем и ако погледнеме дека и законот и тој Меѓународен кривичен суд кој носи име за просторите на поранешна Југославија и ако видиме дека во тие простори се набројуваат и се знаат кои држави се, логички беше да се очекува дека можеби Република Македонија со тек на време ќе ја фати чадот, или ќе дојде до она што ние искрено не посакувавме да дојде, а тоа е притворањето на двајца наши граѓани и следствено на тоа да размислиме дали треба да има законска регулатива, или не. Ние не би биле Република Македонија и не би биле тие што сме, доколку обично на памет ни доаѓа да носиме закони во моментот кога веќе нешто ќе се стори, а претходно требало да биде регулирано.

Никој не си го поставуваме прашањето пред господинот Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски да бидат приведени. Зошто ние како Република Македонија немавме ваков закон и зошто никој не отвори дебата, ни од пратениците ни од Владата дали Република Македонија треба да има ваков закон.

Да ве потсетам дека пред да бидат екстрадирани овие двајца македонски граѓани, постоеја и 4 други случаи кои беа дадени во Хаг и за кои Хаг водеше истражна постапка еден подолг период. Во тоа време на никој не му текна дали треба да се регулира законска материја со која ќе воспоставиме некој правен ред во смисла на тоа дали ние како Република Македонија треба да имаме некаков закон за соработка со овој суд. Надевајќи се дека ниту еден македонски граѓанин нема да се најде во Хаг и мене искрено ако ме прашате, барем што се однесува до конкретните два случаја, мислам дека не им е местото во Хаг, многу други се позаслужни за таму, особено овие 4 случаи што сега ни ги враќаат има многу повеќе причина да останат таму, но, надевајќи се дека

господинот Љубе Бошковски и господинот Јохан Тарчуловски нема да се најдат во Хаг, да бидеме искрени, овде на никој не му текна да поднесе еден таков закон и да дојдеме за тоа воопшто да расправаме ниту на Владата ниту на Парламентот. Сега дојде нож до коска, одделнаш се сетивме сите, или барем не сите, одреден дел дека немало правна регулатива. Јас се согласувам точно е, нема правна регулатива, меѓутоа, главното прашање, кога веќе зборуваме за потребата од донесување на закон се поставува прашање дали во овој момент со ваков закон, односно со овој текст кој што ни се нуди, ќе ја постигнеме целта која ни се бара. Дали е ова вистинскиот момент да се поднесе еден ваков закон, или тоа требаше да се направи многу порано.

Ако бевме свесни дека сме дел од поранешна Југославија, а треба да бидеме свесни затоа што сеуште меѓународното име ни е Поранешна југословенска република, ако сме сите свесни дека во Република Македонија постоеше одреден конфликт, според некои воен, според некои малку поинаков, некој го третираше тој конфликт од територијални претензии, сега слушнавме напад на Уставот итн, независно од кој аспект, дека тоа беше конфликт што предизвика тоа што предизвика, предизвика жртви, предизвика злосторства итн. Ние требаше да бидеме свесни уште во тој момент како држава, да претпоставиме дека тоа што се случуваше во тој период заслужува за оние, кои заслужуваат да имаме правна регулатива и да ги испратиме таму каде им е местото со нормална правна регулатива.

Но, никој не очекувавме или намерно не сакавме да донесеме еден таков закон засега, откако се случи приведувањето и покренувањето на обвиненијата и тоа во минута до 12 од страна на Хаг, за мене лично е изненадувачки, иако повеќе пати се правени обнови на истраги, па има основ, па нема основ, да на крајот, во минута до 12 да се приведат на начин како што се приведоа и да ни текне сега дека треба да постои еден ваков закон.

Од овие причини не можам никако поинаку да го сфатам предлагањето на овој закон освен како маркетиншки потез,освен, како да не речам,да си ги ослободиме гревовите сами од себе или едно чисто лицемерие со кое што ке покажеме, не само пред семејствата, пред семејствата е најтешко, но ќе покажеме пред цела македонска јавност колку сме ние загрижени за оние кои што се во Хаг.

Пред мене зборуваше господинот Груевски. На мое големо изненадување воопшто не зборуваше како пратеник. Тој е сеуште во филмот на лидер и овде настапува како лидер и цело време зборува што неговата партија правела.Заборава дека тој е пратеник и дека претставува граганин на Република Македонија и пред нив зборува и пред нив одговара.Ако е малку доследен на она што го зборува, ако повикува овде на единство и ако ни дели лекции како треба сега заедно да смогнеме сили и се да заборавиме мегу нашите кавги и да го гласаме овој закон, тогаш треба да биде доследен самиот на себе. Овде некој спомна огледало. Покажал во вид на дланка. Мало е тоа огледало. Многу поголемо треба за да го погледне и да си види сам во себе што тој господин правеше на Љубе Бошковски додека беше тука во Република Македонија.

Јас сум еден од сведоците кој знам, тој истиот господин имаше намера да го исклучи од партија господинот Љубе Бошковски. Тој истиот господин правеше хајка во ВМРО-ДПМНЕ против господинот Љубе Бошковски за денеска да рони солзи за истиот.

Не се покажува така. Тоа е чисто лицемерие.Ако имате прилика да е тука господинот Бошковски сам ќе одговори на она што сега се покажува како грижа.

Законот апсолутно нема основ. Законот се носи и во погрешно време и на погрешно место, затоа што нема ориентација нити за простор нити за време. Овој Суд кој што го цитира предлагачот во член 1 став 2, е Суд кој престана односно престанува и кој има рок на траење до 31.12 2004 година. Што правнички ќе каже дека нема повеке обвиненија да покренува никакви други обвиненија после тој датум. Тоа што се затекнало, се затекнало и тоа ќе се доработува во Хаг. Се поставува прашање, она што сега овој закон би го регулирал, може ли да важи и за предмети кои што се веќе со поминат рок, односно прдмети за кои е иницирана постапка. Обично законот важи од како ќе се донесе, за случаи на кои што дополнително ќе следи обвинение. Ние имаме конкретни обвиненија и имаме конкретни обвиненија. Значи требало да се помисли малку порано и требало да се делува малку порано. Може да се каже. Но, многу слушнавме овде искрени надежи и искрени ветувања како сака да му се помогне на Љубе. Јас би кажал ако е целта да им се помогне на Љубе и на Јохан, тогаш со еден збор касно е на овој начин. Ако пак им е целта пак на предлагачите, би рекол не дај боже за идни случаи, тогаш овој закон е погрешен. Би користел еден термин, кој што обично лицето Б.Ц., како го нарекуваат има обичај да го каже, овој закон има фабричка грешка. Фабричката грешка е онаа што ја кажав и сега. Значи, се отвора прашањето. Сите ние добро знаеме оние кои сме правници, дали овој закон може да има ретроактивно дејство на случаи кои што веќе се покренати обвиненија, за кои што се води постапка. Тоа е една работа. Дали овој закон може да го повлече тоа, или овој закон ќе важи за случаи откако ќе се донесе законот. Тоа е една дилема. Дали, значи со тоа отвораме некој нов проблем или не. Ако ги гледаме одредбите, значи овој закон не регулира само екстрадиција, не регулира како тука има и за семејства и така натаму. Тоа е неспорно за семејствата и така натаму. Зборувам во делот на екстрадирањето, во делот на приведувањето, во делот на притворот и тн. Тие одредби во овој закон немаат

примена на Љубе Бошковски, затоа што таа работа е завршена. Ако ви е целта со законот, значи ако зборуваме за конкретните два случаи и притворот и обвинението и истрагата, се е завршено за тие два случаи, тие се веќе однесени во Хаг. Значи овде тие одредби немаат примена за двата случаи. Значи, ако станува збор за некои идни, тогаш овој закон е промашен, затоа што не дај боже таман работа да ни се случи уште за некои идни. Промашен е нормално и судот. Од друга страна ако е целта да се каже дека оваа држава Република Македонија треба да даде гаранција за господата Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски да се бранат од слобода, јас верувам дека можеби таа основна цел беше на овој закон, бидејќи неговото иницирање и неговото поставување на Собрание беше во она најголемо време, односно во она време откако се случи екстрадицијата и кога имаше огромна полемика во јавноста кога и самите новинари не прашуваа дали постапката на екстрадиција била во согласност со правните норми на Република Македонија или не била, за кое што и ние поднесовме интерпелација за министерката за правда и тн. Јас ја разбирам таа грижа, но дали на овој начин или на некој друг, јас ја разбирам таа грижа, некој се сетил преку овој закон да дојде до некој поен. Вие сите треба да знаете дека во меѓувреме Владата даде гаранција. Одлуката на Владата има исто така сила како што има и законот, затоа што во законот не не упатувате кој треба да даде гаранција, сигурно не Парламентот, сигурно не пратениците, туку Владата на Репубблика Македонија. Значи тоа е само член кој што регулира обврска, задолжение до Владата. А Владата тоа веќе го направила, а дали ќе ја испочитува одлуката, тоа е друго прашање. И да имате закон, може да не го испочитува. Тоа се мерки на кои што на поинаков начин треба да се делува. За тоа што таа нема да испочитува, дали е тоа одредба од закон, или нејзина одлука, сноси одговорност овде пред сите нас, независно дали е одредба од закон, или е нејзина одлука која што ја донела. Така што и тоа е апсолвирано прашање.

Во однос на сите оние други права кои што се набројуваат, јас сметам дека и Владата на Репулика Македонија во неколку изјави кои што имавме прилика да ги слушнеме од премиерот, не би сакал да анализирам дали се сериозни, дали се маркетиншки, не знам дали вакви, или такви, меѓутоа сметам дека ако е сериозен, а сигурно дека е сериозен кога се нафатил да биде премиер на Република Македонија кога дава изјави пред цела македонска јавност по однос на она што таа како Влада вети и зема обврска пред цела македонска јавност дека и по однос на семејствата ќе сноси дел од трошоците и тн. Значи, за секоја изјава која ја дава премиерот, или Владата на Република Македонија се сноси одговорност. Ништо со законот нема да измените, или додадете. Што и во законот ако стои одредба, ако Владата не ја почитува, ќе ја повиката на политичка одговорност како и сега. Така што не велам дека не требаше да има закон, можеби требаше, но во време кога навистина требаше да биде присутно, во време кога сеуште пред 2004 кога овој суд не престанал да постои заради тоа да имаме полна правна рамка и врз основа на него да постапиме во овие конкретни случаи. Се ова друго ми личи на демагогија и се ова ми личи на нешто што е погрешна процедура. Затоа да не правиме овде театарски истапи, да бидеме објективни и за Љубе Бошковски и за Јохан Тарчуловски, тие се граѓани на Република Македонија. Имаме обврска и ние како пратеници, има обврска и Владата, во повеќе наврати го искажа и таа, го искажавме и ние јавно дека ако се тие наши граѓани, ако се тие лица кои што се екстрадирани во Хаг заради тоа што работеле на функции од интерес на државата, значи ја бранеле државата Република Македонија не може да ги остави така. И тоа ќе се гледа во иднина. Друго е прашањето дали им е таму местото, за тоа веќе кажав, јас сметам дека не им е таму местото, дека многу други требаше да одат таму, но тоа е тоа. Од сето ова јасно е дека овој закон нема да го поддржам, тоа не е од аспект на некакво политичко несогласување, или не знам што, едноставно сметам дека законот е промашен и дека со него нема да се постигне апсолутно ништо.

**Слободан Најдовски:** Господине Љупчо Мешков, имате реплика од три минути.

**Љупчо Мешков:** Со еден дел од дискусијата на мојот колега се согласувам, но со поголемиот дел не, иако би сакал да биде обратно. Сега ќе кажам со што не се согласувам. Прво, господинот Караџоски спомна дека сеуште името ни е ФИРОМ. Притоа добро е да се спомене дека над 100 земји во светот не признаа под уставното име, а меѓу нив се и САД, Кина и Русија, членките на Советот за безбедност и тоа е добро како фус нота да се дополни дека сепак еден голем број на држави во светот не признаа и кореспондираат со нас под нашето уставно име Република Македонија.

Второ, би сакал во делот околу оправданоста на донесувањето на овој закон, да прочитам само еден краток цитат од интерпелацијата на ВМРО-Народна поднесена во врска со работата на министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска. Имајќи предвид дека Република Македонија нема закон за соработка со Хашкиот трибунал мора да се констатира постоењето на правна празнина во постапката на екстрадиција на државјани на Република Македонија пред Хашкиот трибунал. Таа правна празнина логично се надополнува преку аналогна примена на домашните позитивни прописи кои регулираат слични ситуации. Значи и сега во моментов се регулираат некои работи преку аналогна примена. Сега ние велиме, зошто аналогна, зошто вака, или онака кога можеме да имаме законски норми за тоа.

Трето, прашањето порано, или подоцна требаше. Јас исто мислам дека можеби ќе беше добро навистина да го имавме порано донесено овој

закон, можеби и ние како пратеници требаше да го предложиме или Владата требаше да биде предлагач на тој закон. Меѓутоа, во оваа ситуација во која што гледајќи ја содржината на тој закон, мислам дека помалку е битен фактот дали порано, или подоцна, побитен е фактот да имаме и да донесеме сега еден ваков закон. Без разлика и подоцна да е донесен еден закон, ако тој е во интерес и во корист на граѓаните на Република Македонија е помала штета отколку да немаме закон и да немаме регулатива за такви ситуации. Фабричка грешка овој закон не е, односно можеби има одредени недостатоци, јас не велам дека нема недостатоци, меѓутоа ние можевме сите заедно да се потрудиме во постапка пропишана со Деловникот сите заеднички да направиме навистина еден поквалитетен закон отколку што е овој закон што го предложиле овие пратеници што се потпишани.

**Жарко Караџоски:** Господине Мешков, навистина секоја ви чест колку многу реченици и зборови можете да кажете во три минути. Јас немам теоретска шанса да одговорам во една минута ниту четвртина од она што се искажавте. Само ќе кажам еден збор, се она што кажав и сега тврдам дека е така. А она што ни ја цитиравте интерпелацијата, повторно тврдам дека е така и со тоа ме убедивте дека сум во право.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Караџоски, кажавте дека е промашен законот бидејќи истражните дејствија со обвинетите се завршени и тие се екстрадирани во судот во Хаг и за вас изјавата на премиерот дека ќе дадат гаранција, значи одлуката на Владата дека ќе дадат гаранција е достаточна, иако таа не се исполнува од страна на Владата сеуште. Велите дека демагогија е предложениот закон, а за вас не е демагогија изјавата на премиерот дека ќе даде гаранции да се бранат од слобода обвинетите и ќе дадат финансиска помош на семејствата, туку се обидовте многу добро да го пофалите господинот премиер дека и оваа постапка е завршена, па нема потреба од носење на закон. Сметам дека маркетиншки потег и лицемерие е вашата демагогија, дека мислите и зборувате за интересот на обвинетите, бидејќи ако ваша цел е да се обврзе Владата да даде гаранција, а луѓето да се бранат од слобода, ако ваша цел е да и се помогне на одбраната да имаат достап до сите информации, дури и оние од таен карактер, она што го регулира законот. Значи, да нема опструкции за секаков вид на информации кои што се во интерес на обвинетите. Значи, ова сеуште не е завршено и има потреба од закон кој што ќе остави можност и ќе даде обврска на Владата да бидат достапни сите информации во прилог на одбраната. А исто така сеуште господине Караџоски не се дадени ниту финансиската поддршка за семејствата, ниту пак е дадена поддршка за одбраната што треба да им се плати на адвокатите. Значи, многу нешта не се завршени во однос на постапката и доколку не настапувате демагошки, туку со искрена надеж и желба да им помогнете на луѓето, вие ќе гласате за донесување на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Морам да кажам дека по оваа точка записнички најискористен збор е лицемерие и демагогија. Демагогија му конкурира.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке Бонева, знаете ли вие воопшто како се дава гаранција. Што мислите, тоа е некоја канта со вода, па се носи некаде? Владата донесе одлука за гаранција и тоа нели ви зборува се. Знаете ли вие која е правната сила на една одлука на Влада? Вие велите дека јас сум бил лицемер што сум кажал дека премиерот дал изјава. Па премиерот даде изјава и донесе одлука на Влада. Што треба да направи друго? А по однос дека со овој закон ќе ги решите проблемите кои што вие кажувате дека не се спроведуваат, нема да ги решите.

**Илија Китаноски:** Од дискусијата на колегата Караџоски јас заклучив дека човекот навистина и верува на Владата и на оние соопштенија кои што полуофицијално, официјално и неофицијално излегуваат, дека те дале гаранции, те сите министри се сложиле, па пола не биле тука и тн.За разлика од него ние како предлагачи на Законот не веруваме во овие полуофицијални, неофицијални и незнам какви уште лични изјави. И затоа сакаме со закон да ја задолжиме Владата да постапи онака како што пишува во Законот. И втора работа, навистина искрено, еве и пред својата совест и пред граѓаните, дали мислите дека со донесување на овој закон ќе им наштетиме на било кој начин на обвинетите во Хаг. Ако навистина тоа го мислите, тогаш имате право морално право да не го поддржите овој закон. За се друго навистина мислам дека не е потребен коментар.

**Жарко Караџоски:** Прво, господине Китаноски не сакам да одговорам на тоа дали јас и верувам на Владата, или не, затоа што во многу наврати кога сум рекол нешто дека верувам, сум се изненадил. Ви верував и вас господине Китановски, па се изненадив.

По однос на она што сега ме прашувате како пратеник да ви одговорам, јас ќе ви кажам, со Деловник не сум обврзан пратеник на пратеник да даде одговор.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе, прво би сакала до вас да се обратам, затоа што принципиелно секогаш кога отсуствуваше некоја пратеничка група заради партиски активности, вие ја прекинувавте седницата, а овој пат најголемата пратеничка група отсуствува од Парламентот, вие не ја прекинавте седницата.

**Љупчо Јордановски:** Да ви одговорам на прашањето.

**Ристана Лалчевска:** Ќе ми одговорите после моето излагање.

**Љупчо Јордановски:** Не, да не бидете во исчекување на мојот одговор, затоа .

**Ристана Лалчевска:** Благодарам. Нема да бидам во исчекување затоа што го знам одговорот.

**Љупчо Јордановски:** Ајде кажете ни го одговорот штом го знаете.

**Ристана Лалчевска:** Ќе ви го кажам после моето излагање, а вие можете да бидете во исчекување.

**Љупчо Јордановски:** Добро, еден-нула за вас.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам.

Сега би сакала да дадам некои свои видувања околу овој закон.

Прво, се поставуваше прашање зошто не по итна постапка, јас како еден од предлагачите ќе кажам зошто не по итна постапка туку во редовна постапка. Затоа што со оглед на состојбата во Парламентот, отсуството на парламентарното мнозинство многу зборува во овој случај, отсуството на владин претставник исто така, што значи дека добро направиле предлагачите што избрале законот да оди во скратена постапка, а не во итна, бидејќи и деловнички за итна постапка се образлага итноста и се гласа, што значи дека брзопотезно ќе беше одбиен предлогот од парламентарното мнозинство. Тука сме извршиле добра проценка. Меѓутоа, ценам дека предлагачите извршиле добра проценка дека има потреба за донесување на овој закон, иако некои од пратениците, за жал, ценат дека не е така. Сега би сакала да зборувам околу тоа зошто е потребно донесувањето на овој закон.

Прво, се поставува прашањето дали законот е задоцнет. Каприците ќе речат да, меѓутоа, јас велам не. Зошто? Можеби задоцнивме само во еден сегмент кој го регулира законот, односно околу регулирање на правилата за испорачување на обвинетите до трибуналот. Меѓутоа, она што следува понатаму, она што значи давање гаранција, материјална поткрепа на одбраната, пристап до информациите односно доказите кои се потребни во постапката за одбрана на обвинетите, обезбедување на нивните семејства, како и можноста за,  не дај боже, ако дојде до изрекување на неповолна казна за обвинетите, можноста за издржување на казната во нашата држава, и те како се потребни и значајни за регулирање, особено заради фактот што сите ние без исклучок тврдиме сме правна држава. Иако сме правна држава, тогаш да не се занесуваме дека една одлука на Влада е сосема доволна за да го регулира овој дел, бидејќи и оваа и други влади носеле многу различни одлуки кои никогаш не ги спровеле или делумно ги спровеле. Самото неприсуство на ниеден владин претставник на денешната седница мене лично доволно ми говори дека одлуката е "несериозна", под наводници. Времето ќе покаже дали сум во право јас или не. Затоа ценам дека е потребно да се регулира со закаон се она што го содржи законот, а дали е тој совршен или несовршен, очекував дека на оваа седница ќе имаме дебата пред се дека ќе имаме општ консензус околу потребата од донесување на законот, а дека главната дебата ќе се води околу решенијата, односно дали предлагачите донеле добри одлуки или треба да се корегираат. Од времето кога е поднесен предлогот до денешната седница сите пратеници имаат доволно време да го разгледаат, да го анализираат, да направат споредба со други законодавства и да предложат амандмански да интервенираат кон подобрување на текстот на законот. За жал не се случи ниту едно од моите очекувања, ниту консензусот од потреба за донесување на ваков закон, салата како што гледате е празна, ниту амандман како интервенција барем од еден пратеник околу подобрување на текстот на законот. Јас ценев дека сите пратеници ќе дадат се од себе да им помогнеме на нашите сограѓани кои се обвинети пред Трибуналот, се извинувам пред кој е покренато обвинение пред Трибуналот, бидејќи сега ние навистина сме им потребни, меѓутоа, во една правно регулирана рамка како да им помогнеме. Стихијно и волонтерски сигурно дека нема да можеме да им помогнеме, меѓутоа, со една законска регулатива, со добри решенија ќе ги  задолжиме и Владата и сите оние кои во процесот како давање материјални средства на обезбедување достап до информациите кои ќе ги користи одбраната, обезбедување на нивните семејства, законот сигурно ќе даде една таква правна рамка сите да си ја исполнат својата обврска и да им помогнеме на најдобар можен начин на нашите сограѓани кои се обвинети пред Хашкиот трибунал да се бранат достојно и се надевам ќе се одбранат. За мене е несфатливо како правник од друг правник една одлука на Влада да ја ставиме на исто ниво како и еден закон. И тука се прашувам дали ние сме правна држава. Ако сме правна држава не можеме да прифатиме одлука и закон да имаат еднаква правна сила, па макар била одлуката и од Влада.

Во однос на обидите да се огласат веќе за виновни нашите сограѓани, би им препорачала да го видат Статутот на Трибуналот и неговиот член 21 став 3, каде стои што е правило во сите правни држави, дека покренато обвинение не значи и изречена казна, односно дека презункција на невиност важи и пред овој Трибунал и никој да не се обидува, затоа што е покрената обвинение против нив, да ги огласи за виновни.

Очигледно денес нема да гласаме по овој закон бидејќи парламентарното мнозинство е отсутно, па би им препорачала во текот на ноќта добро  да размислат околу  дадениот предлог, а секогаш новото утро носи нови идеи и се надевам дека ако утре работиме, ќе дојдат во собраниската сала и ќе дадат подршка на потребата за донесување на овој закон. За жал, ја пропуштија деловничката можност амандмански да интервенираат, меѓутоа, тоа не е никаква пречка многу скоро и да измениме некои одредби ако ценат дека не се добри и дека треба да се корегираат. А тоа дека е задоцнето апсолутно не е точно, бидејќи ваков закон има донесено и Хрватска и Србија и Црна Гора. Србија и Црна Гора таков закон донела и го

објавила во "Службен веник" на 11.04.2002 година, а вршела измени и дополнување на 16.04.2003 година, во период кога многу поодамна против граѓани на оваа држава имаше покренато обвинение и тие се наоѓаа во Хаг. Значи ако не било за нив задоцнето, тогаш зошто да е за нас задоцнето. Никогаш не е доцна да им се помогне на овие наши сограѓани со закон кој ќе овозможи долична одбрана и со пристап до информации и со материјални поткрепи, како и со гаранции од државата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска, ви должам сега одговор на вашето прашање.

Под број 1, секогаш сум уважувал барање на парламентарни групи или партии кои се присутни, кога имаат партиски активности, да ја прекинат седницата. Дали е тоа јавно кажано или тука договорено, јас такво барање немав од СДСМ кои знам дека сега имаат централен одбор. Според тоа, мојата задача е тука моментално, како претседатело на Собранието.

И второ, госпоѓо Лалчевска, со овој закон ми овозможивте да видам како изгледа левата страна да биде полна, а десната страна да биде празна. Вообичаено обратно беше во овие три години и искрено да ви кажам не ми се допаѓа. Тоа е мојот одговор на вашите коментари во врска со неприсуството на позицијата. И во двата случаи не ми е пријатно, но ми дадовте шанса да видам како изгледа и какво е чувството кога десната страна е празна, а левата страна е полна, бидејќи во овие три години вообичаено десната страна беше полна, а левата празна. (реакција од пратеници) Еве, прифаќам полупразна.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе што повторно ми давате можност за збор. Добро е што видовте како е да биде левата полна, а десната или средната страна празна. Меѓутоа, оваа состојба сега во салата зборува за интересот за овој закон и за желбата овој закон да се донесе. Господине претседателе немојте да се обидувате да ме прекинете..

**Љупчо Јордановски:** Имате минута.

**Ристана Лалчевска:** Можеби е точно дека немало барање до вас, меѓутоа, тоа е игра на мудро молчење.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, вие мора да внимавате што кажувате. Ова што го рековте во врска со тоа каков е односот на позицијата во однос на овој закон, јас можам да кажам или позицијата може да каже каков е односнот на опозицијата во однос на илјадници закони, така што ве молам внимавајте што се кажувате и кои констатации ги изнесувате.

Повелете господине Трендафилов, имате збор, а потоа господинот Кралевски, само имате уште четири минути господине Трендафилов. Ако е доволно, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Се јавувам уште еднаш за збор затоа што бев поттикнат од тврдењата на предлагачите на овој закон и уште еднаш сакам да ја истакна разликата меѓу она што го зборуваат пратениците од редовите на ВМРО-Народна партија и она што го зборуваат предлагачите. Имено, пратениците на ВМРО-Народна партија, потпирајќи се на долгорочноста во два члена од Уставот на Република Македонија, член 13 и член 36 и во целина наоѓајќи соодветно место и за Љубе Бошковски и за Тарчуловски и за нивните семејства, во рамките на тие два члена од Уставот на Република Македонија, почитувани предлагачи, да бидам искрен ниту на Бучковски посебно не му верувам, ниту вас. Не зависи, бе, господа, од желбата и од волјата и на Владата и на вас како предлагачи. Двата члена, 13 и 36, од Уставот на Република Македонија се обврзувачки за граѓаните на Република Македонија, за институциите на Република Македонија и не зависат од мојата, вашата или ничија желба или волја како тој сака да ги третира. Но вие видете ги тие два члена и размислувајте или консултирајте се со оние сите, како што кажа господинот Груевски, поранешни експерти за нешто кои ви помогнале да го направите овој закон и ако добро ги сватите, во суштина, тие два члена тогаш ќе ви поверувам дека навистина и вие ќе се придружите, заедно со дел од македонската јавност, кој цело време беше и останува со верба дека припадниците на македонските вооружени сили од политичко, професионално и оперативно ниво го направија она што им налагаа совеста и законите на Република Македонија во 2001 година. Член 13 и член 36. Доколку сте долгорочни во своите намери, а не кампањски и пропагандистички мислам дека ќе ја увидите вашата заблуда со овој предлог закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема време госпоѓо Бонева за реплика, бидејќи има уште две минути.

Јас овде ја затворам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)